Јелена Лужина

# ПРОЕКТ ЧЕРНОДРИНСКИ

50 години

Македонски театарски фестивал
„ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ“

1965 - 2015

Прилеп, 2015

Издавач
**МТФ „Војдан Чернодрински“, Прилеп**

Македонски Театарски Фестивал
Војдан Чернодрински
1965 - 2015 Прилеп

Проектот е поддржан од **Министерството за култура** на **Република Македонија** и **Општина Прилеп**

Благодарност до **Градоначалникот на Општина Прилеп**, г. **Марјан Ристески**

Благодарност до
директорот на **Прилепска пиварница**, г. **Сашко Самарџиоски**
и директорот на **а.д. Витаминка** Прилеп, г. **Симон Наумоски**.

ЦИП



СОДРЖИНА


| | |
|---|---|
| **ПРОЕКТ ЧЕРНОДРИНСКИ:** | |
| Збор-два, однапред | 15 |
| Чернодрински, вратен дома | 20 |
| | |
| **I дел - ПРОЕКТ ЧЕРНОДРИНСКИ: КУЛТУРЕН КАПИТАЛ НА МАКЕДОНИЈА** | 35 |
| Проект Чернодрински | 37 |
| Првите педесет: рекапитулар | 59 |
| | |
| **II дел: ПРОЕКТ ЧЕРНОДРИНСКИ: ТРАГИ ВО ВРЕМЕТО** | 69 |
| Награда за уметничко остварување на претстава во целина (Големата награда /Grand Prix) | 77 |
| Награда за текст на современа драма | 79 |
| Награда за режија | 85 |
| Награда за сценска адаптација/драматизацијас | 89 |
| Награда за сценографија | 95 |
| Награда за костимографија | 99 |
| Награда за сценска музика | 105 |
| Награда за кореографија и  сценски | 111 |
| Награда за најдобро дизајниран пропаганден материјал | 117 |
| Награди за актерски остварувања: | 121 |
| Главни актерски награди | 127 |
| Награда „Трајко Чоревски“ за најдобар млад актер | 139 |
| Награда „Димче Трајковски“ за најдобра епизодна улога | 145 |
| Награда за животно дело | 151 |
| Рекапитулар на наградите | 159 |
| | |
| **III дел: ПРОЕКТ ЧЕРНОДРИНСКИ: ХРОНОЛОГИЈА** | 167 |
| Години, настани, луѓе, приказни... | |





Старото прилепско кино на Пане и Ѓоре Напе, прва фестивалска сцена (1965 г.), денешниот Народен театар „Војдан Чернодрински“

Македонски Театарски Фестивал
Војдан Чернодрински
1965 - 2015 Прилеп



РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДОДЕЛУВА

ПОВЕЛБА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

НА МАКЕДОНСКИОТ ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ
„ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ“

по повод 50 години од неговото постоење, особено за неговите исклучителни резултати во успешното презентирање, негување и промовирање на македонското драмско творештво, а со тоа и афирмација на Република Македонија во светот.

26.05 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија
д-р Ѓорге Иванов



Добитник на гран при за 1965 г.
Народен театар, Битола - НАЖАЛЕНА ФАМИЛИЈА од Бранислав Нушиќ, во режија на Душан Наумовски



Добитник на гран при за 1968 г.
Народен театар, Куманово - ВУЈКО ВАЊА од Антон Павлович Чехов,
во режија на Благоја Андреев



## ЗБОР-ДВА, ОДНАПРЕД

Во принцип, книгите од ваков монографско-јубилеен тип можат да се прават само на два начини.

Првиот е евокативен, носталгичен, оттука и неизбежно патетичен. Подразбира ретроспекција која континуирано ќе се повикува на сведоците на времето и беспоговорно ќе ги почитува нивните сеќавања на „подобро минато“ и „вистинската вистина“ која само тие можат да ја кажат.

Вториот е рационален, прагматичен и навидум студен. Подразбира трпеливо (осаменичко) истражување на фактите, нивна внимателна проверка, нивно систематизирање и организирање во целини кои, потоа, можат да се коментираат, анализираат и постапно да се вградуваат во сè уште прилично „флуидната“ историја на македонскиот театар.

Пред една годинна, откако Собранието на МТФ „Војдан Чернодрински“ мене ми ја довери задачата да ја направам јубилејната монографија (без претходно да ме праша сакам ли, воопшто, да ја преземам!), автоматски се определив за вториот начин. Во нашиот македонски контекст - составен од девастираните театарски архиви, непостојниот однос кон документацијата, искрените убедувања дека нештата се подразбираат (чуму, тогаш, да се проверуваат?) и, најстрашното, од хередитарната наша закоравеност во квазимемоаристиката, избраниот начин беше ризичен. Во најмала рака.

Оваа монографија е конципирана и напишана како **фактографска книга**. Во неа се собрани, организирани и авторски прокоментирани „суровите“ театрографски факти кои се анализираат од три различни аспекти, експлицирани во нејзините три дела. Станува збор за фактите од кои постапно, година за година, трпеливо, со бавни чекори и со променлива среќа – ама и со успеси што не треба да се премолчуваат! - била ***„ткаена“*** и полека ***„доисткаена“*** полувековната историја на најдолговечниот театарски фестивал кај нас.

„Ткаечката“ терминологија ја позајмив од Ролан Барт, ама сето друго го стокмив од оригиналниот и автентичниот македонски театрографски материјал врз кој е втемелен ***„Проект Чернодрински“.***

*ј.л.*

Добитник на гран при за 1970 г.
Народен театар „Војдан Чернодрински“ Прилеп - ОД ГЛААТА СИ ПАТИМЕ од Војдан Чернодрински во режија на Ацо Алексов



Добитник на гран при за 1971 г.
Народен театар Куманово - СИТЕ МОИ СИНОВИ од Артур Милер, во режија на Ацо Алексов



*Доаѓаме по тебе, Чернодрински! Доаѓаме по вас, браќа и пријатели, трагични карактери, драмски ликови, комични типови и карактерни статисти. А вие, добри граѓани што спиете со мирен сон, сонувајте нè нас, кои сонуваме на јаве! Нас во чии срца гори копнеж по светот што допрва ќе дојде!*

*Горан Стефановски,*
*„Чернодрински се враќа дома“, 1990/91, сцена 10*

Ансамбл на Народен театар „Војдан Чернодрински“ Прилеп, прва изведба на „Македонска крвава свадба“ од Војдан Чернодрински, во режија на Душко Наумовски, сезона 1954/1955 г.

## ЧЕРНОДРИНСКИ, ВРАТЕН ДОМА

**Војдан Поп Георгиев,** подоцна **Чернодрински** (1875, Селци, Дебарска Жупа – 1951, Софија, Република Бугарија), основач и водач на првата македонска театарска трупа ***Скрб и утеха*** (1900/1901), автор на митската пиеса ***Македонска крвава свадба*** (1900) за која знаат дури и тие што никогаш не ја читале ниту ја гледале, денес во Прилеп има свој театар и, веќе педесет години, свој театарски фестивал. Заради овие две угледни прилепски адреси, Чернодрински лаконски го сметаат за прилепчанец. По сој и по бој, би рекол дедо Марко Цепенков.

Прилеп е единствената дестинација на која, денес, може да му се пишува на авторот на ***Македонска крвава свадба.*** Последната пошта во неговата безвремена кариера. Неговото лирско ***дома,*** кое Горан Стефановски субверзивно го театрализира во својата езотерична, тажна и неискажливо нежна пиеса ***Чернодрински се враќа дома*** (1990/91). На 27. Театарски игри „Војдан Чернодрински“ (1992) нејзината изведба – во продукција на Драмски театар и во минуциозна режија на Слободан Унковски – ја доби Големата награда, фестивалското гран при (*наградата за уметничко остварување на претстава во целина*), а Унковски награда за режија. Награда за текст на современа домашна драма не ја доби Горан Стефановски туку еден друг автор.

Идентичниот авторски ерос, ама поинаков генерациски/скрипторски однос кон големата национална „Тема Чернодрински“ неговиот некогашен студент Дејан Дуковски ќе го артикулира во драматуршки сензационална, апсолутно неодолива благохуморна пиеса ***Балканот не е мртов*** за која, повеќе од заслужено, во 1993 година ќе ја добие и својата прва фестивалска награди за текст на современа домашна драма. Прва од досегашните три. Во режија на Александар Поповски и во жестока игра на тогаш исклучително моќниот ансамбл на МНТ, оваа претстава изведена 2001 година ќе триумфира не само дома (каде што ќе се игра со години) туку триумфално ќе пропатува половина Европа.

Од родното Селци и од Македонија, Чернодрински емигрирал на петнаесетгодишна возраст и не се вратил никогаш. Тек-тук наминувал, како и сите Македонци, до кај роднините во Скопје, Охрид, Битола, Прилеп... Поинтензивно наминувал во тешките воени години 1941 г., 1942 г., 1943 г.... Во Прилеп, на 30 јануари 1943 г., со аматерите од спортскиот клуб „Македонија“ ја поставил ***Македонска крвава свадба...*** На претставата бил и Илија Милчин.

Подоцна, по 1944/45 г., новата македонска власт оваа театарска епизода на Чернодрински долго време ќе ја третира како соработка со окупаторот. Во јуни 1946 г., Македонскиот народен театар гостува во Софија со четири претстави: две советски пиеси ама и оние две свои антологиски изведби на „Чорбаџи Теодос“ и „Сомнително лице“. На Чернодрински и на жена му Марија, прва македонска театарска примадона и некогашна Цвета во ***Македонска крвава свадба,*** Илија Милчин им ги носи билетите, речиси полулегално. Чернодроински доаѓа на сите претстави, ги запознава македонските актери и ги дарува со примероците од третото издание на ***Македонска крвава свадба*** (Софија, 1928). Примерокот сочуван од неговиот иден колега, драмскиот писател Коле Чашуле, денес е во Музејот на МНТ.

Чернодрински умира во Софија, на 8 јануари 1951 г. Дури две години по неговата смрт, на 24 септември 1953 г., на големата сцена на МНТ, Петре Прличко ќе ја режира првата повоена изведба на ***Македонска крвава свадба.*** Илија Милчин во таа претстава го игра Осман бег, улогата која на праизведбата 1900-тата година ја играл неговиот стрико Владо Милчин, член на првата македонска театарска трупа ***Скрб и утеха*** (1900/1901).

Не располагам со никакви конкретни докази ама, врз основа на логичките претпоставки и на личната театролошка интуиција заклучувам дека во јуни 1965 г., кога во Прилеп среќно е втемелен првиот македонски театарски фестивал, прашањето за неговото име било решено однапред, молскавично и акламативно: **Чернодрински!**






***...не само за тутун, туку и за театар***

Илија Милчин во своите мемоарски искажувања појаснува дека Игрите морале да се случат токму тогаш (1965 година) и токму во Прилеп („или Прилеп, или никаде“): „Зошто? Не затоа што сум прилепчанец или од инает – вели Милчин, туку затоа што ниеден град во Македонија, освен Скопје, кога со театарот одевме на турнеи, немал подобра публика за многу тешки претстави, класични – Шекспир, Островски, Молиер, Ибзен, Крлежа, како што имаше Прилеп. Никаде поубаво не поминувале. Прилеп има добра почва не само за тутун, туку и за театар. Традицијата театарска е стара, уште од 19 век. Сме го имале театарот на Атанас Бадев уште 1886 година. Сме го имале Анастас Лѕутвиев, кој преведувал од француски Молиерови дела, правел претстави дури во манастирот Свети Јован Бигорски“. (Цане Андреевски, *Разговори со Милчин,* Скопје: Матица Македонска, 2001:207).



Добитник на гран при за 1972 г.
Народен театар „Војдан Чернодрински“ Прилеп - ЦЕНА од Артур Милер, во режија на Ацо Алексов

***Е, па честит јубилеј! И добра мисла!***

Знае ли денешнава генерација каде се појави ‘ркулецот на семето од ова грандиозно стебло, на овој Македонски театарски фестивал “Војдан Чернодрински”?

Необично! Ќе објаснам, ќе ги потсетам денешниве љубители на театарот и денешниве театарски дејци.

‘Ркулецот се појави под Камениот мост на Вардар, во Скопје.

Бевме на турнеја низ Македонија. Патувавме од Куманово за Тетово. Се задржавме во Скопје. Автобусот паркиран под мостот на Вардар. Директорот Михајло Михајлоски и колегата Рампо Конески требаше да се сретнат со раководството на тогашното Здружение на драмските уметници на Македонија (Илија Милчин и Борис Стефановски). Здружението имаше решено да се формира Театарски фестивал (тогаш Театарски игри). Убаво. Но, никој од театрите не сакаше, не се осмелуваше да ја прифати организацијата. Најмногу се плашеа од тоа дали ќе има публика.

Не се точни по некои тврдења дека Здружението уште во самиот почеток решило Игрите да се одржуваат во Прилеп. Напротив! Се нудеа на повеќе театри, но никој не сакаше да ги прифати. Едноставно, се плашеа. Михајлоски и Конески биле замолени од раководството на Здружението, прилепскиот театар да ја прифати организацијата.

Се собравме во автобусот (паркиран под мостот), директорот ни ја соопшти молбата. Требаше сите, како колектив, да гласаме. Се плашевме и ние. Сериозна беше работата. Проблеми ќе има многу. Замижавме пред проблемите и ги кренавме рацете. Изгласавме! Нашиот театар ќе биде домаќин на Игрите. Се роди фестивалот. Како кај секое новороденче присутни се и детските болести. Но, ентузијазмот голем, желбата да бидеме добри домаќини уште поголема. Ангажиран целиот колектив. Дежурства 24 часа. Ги пречекувавме и испраќавме гостите, колегите. Сами правевме сендвичи и набавувавме освежителни пијалоци. Додека актерите од соодветниот театар ја симнуваа шминката, ние во фоајето веќе ги поставувавме масите и го приготвувавме коктелот.

Ведра атмосфера! Необично ведра!

Евентуалниот најголем проблем (публиката) воопшто и не се почувствува. Домот на културата уште не беше изграден, а театарската сала беше претесна за да ги прими сите љубители на театарските претстави...

**Благоја Ивчески**, актер на Народниот театар „Војдан Чернодрински“, Прилеп





Добитник на гран при за 1972 г.
Народен театар „Антон Панов“ Струмица - ТУТУНСКИОТ ПАТ од Калдвел и Киркланд, во режија на Бранко Ставрев




*„... во таа 1965 година првпат се одржаа „Театарските игри“ – денес Македонски театарски фестивал „Војдан Чернодрински“.*

*Тоа беше свечен чин. Градот беше празнично украсен. Сиот театарски свет беше во Прилеп. На реверите се носеа некои црвени лентички на кои пишуваше „Театарски игри – Војдан Чернодрински“ и тоа значеше дека припаѓате на тој свет. Не ви треба влезница. Се „изборив“ и јас за таква лентичка. Замислете, Илија Милчин, како претседател на првото жири и основач на „Театарските игри“ носи таква лента, ама и јас“.*

Кирил Ристоски,
„Мојот професор Милчин“

(во: ***Илија Милчин,*** монографија, приредила: Јелена Лужина, Прилеп: МТФ „Војдан Чернодрински“, 2003 : 181)



Добитник на гран при за 1975 г.
Народен театар „Антон Панов“ Струмица - ВЕКУТУМА ВЕКА ИЛИ ЖИТИЕ АДАМОВО
според текстовите на Марко Цепенков, во режија на Бранко Ставрев



Добитник на гран при за 1976 г.
Народен театар „Антон Панов“ Струмица - СОБЛАЗНА ВО ШЕНТФЛОРИЈАНСКАТА ДОЛИНА од
Иван Цанкар, во режија на Душко Наумовски



Добитник на гран при за 1978 г.
Македонски народен театар, Скопје - КРЧМА ПОД ЗЕЛЕНОТО ДРВО
од Петер Ковачек, во режија на Владимир Стринско



Добитник на гран при за 1979 г.
Драмски театар Скопје - ОСЛОБОДУВАЊЕ НА СКОПЈЕ од Душан Јовановиќ, во режија на Слободан Унковски





Добитник на гран при за 1981 г.
Театар на народносите - Турска драма, Скопје - ЗЛОСТОРСТВО И КАЗНА од Ф. М. Достоевски, во режија на Бранко Ставрев



Добитник на гран при за 1982 г.
Народен театар, Битола - ПИРЕЈ од Петре М. Андреевски и Владимир Милчин, драматизација и режија: Владимир Милчин

## ПРОЕКТ ЧЕРНОДРИНСКИ

*МТФ „Војдан Чернодрински“ како културен капитал на Македонија*

Пред педесет години, на 4 јуни 1965 година вечерта, точно во седум часот и триесет минути, старото прилепско кино на Ѓоре Напе апансаз било престорено во театарски епицентар на Македонија. Имено, во тој важен/критичен миг – за кој скржаво и без особена возбуда, ама сепак... – известуваат тогашните весници (еден локален и еден „државен“), свечено е отворена првата **Средба на професионалните театри од СР Македонија „Војдан Чернодрински“.** Честа да биде нејзиниот формален промотор му се паднала на прилепчанецот Бранко Илиески, писател и новинар, кој до крајот на својот живот останал еден од добрите духови на идниот фестивал. Повеќемина современици кажувале дека таа вечер – и не само таа – прилепчаните буквално ја преполниле салата во која се играле претставите. Турканицата за тогашните 226 седишта (не знам колку ги има денес) започнувала, велат, уште попладне... Во еден стар број на речиси заборавениот прилепски весник „Народен глас“ останало запишано дека и илјада седишта ќе биле малку.

Денес го знаеме она на што, таа вечер, можеби никој и не помислувал: дека на 4 јуни 1965 година во Прилеп, во старото кино на Ѓоре Напе (во која прилепскиот театар останал до ден-денес), фактички е втемелен првиот македонски театарски фестивал воопшто (денес имаме најмалку дваесет театарски фестивали!), прв македонски фестивал од областа на културата организиран по „Охридско лето“ (инаугурирано 1961 година како ревијален/меѓународен фестивал) ама и прв фестивал во оваа земја, кој имедијатно стартувал со максималистички амбиции, комплетна оперативна инфраструктура, интегративен концепт, натпреварувачки карактер, амбициозна придружна програма, дури и со она што денес се нарекува ***пи-ар...*** Веќе следната 1966 година, фестивалот официјално е преименуван во **Театарските игри „Војдан Чернодрински“** и тоа име го носел цели 33 години, до 1997 година кога е пренасловен со денешново име: **Македонскиот театарски фестивал „Војдан Чернодрински“.** Оваа 2015 година, МТФ ги заокружува своите први педесет години постоење.

Не верувам дека кој било од оние грст театарски фантасти кои, 1965 година, се здружиле за да го обмислат и да го истуркаат ова фестивалско чудо, сонувале толку долгорочно. Ниту пак помислувале дека векот на нивниот ***Проект Чернодрински*** ќе биде ептен вековит. И дека камчето, кое таа петочна јунска приквечерина, симболично го фрлиле во не-секогаш-бистрите води на идната македонска театарската историја, ќе падне толку длабоко. И ќе предизвика толку моќни концентрични бранови чијашто сила, еве, не престанала да раздвижува и разбранува веќе половина век.

*

Половина век е сериозна временска мерка. За човек, повеќе од половина живот. За фестивал: неспорен доказ за оправданоста на неговото постоење. За докажана потреба од него. Наспроти сите забелешки кои, почнувајќи уште од втората-третата година, континуирано биле упатувани кон него. Или кон некои екипи што го раководеле во одредени периоди. Бесполезно е тие забелешки да се коментираат и валоризираат отпосле – извадени од временскиот контекст, неизбежно ја губат својата релеванција –но треба да се констатира дека ги имало, дури и многу, и дека не биле (секогаш) неаргументирани. Сепак, наспроти периодичните несогласувања и/или

„грешки во чекори“, кои на два-три пати кулминирале и со предлози фестивалот да се премести во некој друг град или постојано да шета низ градовите домаќини, фестивалот покажуваше голема издржливост. И успешно ги надминуваше пречките, сопствените недоследности и објективните тешкотии кои не биле занемарливи. За да достаса до годинашниот јубилеј[1].

Еден од неколкутемина негови основачи-фантасти, легендарниот Илија Милчин, историска македонска фигура, прилепчанец од сој и од бој (би рекол дедо Марко Цепенков), театарџија од немерлив спектар – актер, режисер, драматург, преведувач, педагог, организатор/менаџер, еден од првенците на партизанската трупа „Кочо Рацин“, еден од втемелувачите на скопскиот Македонски народен театар (Платон Кречет во истоимената претстава со која започнува официјалната историја на оваа институција!), еден од оние два-тројца создавачи на автентичната македонска театрологија... – е, токму тој Илија Милчин во своите мемоарски искажувања појаснува дека Игрите морале да се случат токму тогаш (1965 година) и токму во Прилеп („или Прилеп, или никаде“): „Зошто? Не затоа што сум прилепчанец или од инает – вели Милчин, туку затоа што ниеден град во Македонија, освен Скопје, кога со театарот одевме на турнеи, немал подобра публика за многу тешки претстави, класични – Шекспир, Островски, Молиер, Ибзен, Крлежа, како што имаше Прилеп. Никаде поубаво не поминувале. Прилеп има добра почва не само за тутун, туку и за театар. Традицијата театарска е стара, уште од 19 век. Сме го имале театарот на Атанас Бадев уште 1886 година. Сме го имале Анастас Љутвиев, кој преведувал од француски Молиерови дела, правел претстави дури во манастирот Свети Јован Бигорски“. (Цане Андреевски, *Разговори со Милчин,* Скопје: Матица Македонска, 2001:207).

## Иницијација на *Проект Чернодрински*

Пред половина век, во мигот кога се одлучувало дали семакедонскиот театарски фестивал воопшто треба и може да се организира (и тоа во Прилеп), коцкичките беа сложени така што Илија Милчин бил директор на Драмата на Македонскиот народен театар (во тој миг, и не само тој, највлијателната театарска институција во државата), но и актуелен секретар на тогашното Здружение на драмските уметници на СР Македонија. Формално, во тој важен миг Милчин е навидум „позициониран“ и „моќен“ човек кој работите може да ги подбутне во полза на заедничкото театарско добро. Реално, Милчин е „само“ безнадежен театарски романтик, еден од оние егзалтирани прилепчани кои се раѓаат со вишок адреналин во крвта, занесеник кому општото и

[1] Единствениот прекин во фестивалскиот континуитет се случил во 1974 година, кога Театарските игри не биле одржани заради низа причини. Некои од тие причини се насетуваат од пишувањата на тогашните весници, кои укажуваат на извесна криза на самиот фестивалски модел. Се јавуваат и предлози фестивалот да се измести од Прилеп, дури и мислења дека секоја година треба да се одржува во друг град. Сепак, се добива впечаток дека Прилеп не сакал да се откаже од својот фестивал, дури и дека жестоко се борел за него. За среќа, откажувањето на 10. Театарски игри – кое, од прилепската страна, било образложено со неможноста навреме да биде завршено реновирањето на старото кино на Ѓоре Напе – не го загрози нивното постоење. Наместо јубилејните 10. Театарски игри да бидат одржани во 1974 година, тие само се „поместија“ во следната 1975 година. Затоа и годинашниот јубилеј, кој - како педесетгодишен - теориски требало да се одбележи минатата година, фактички се случува во 2015 г.



Добитник на гран при за 1984 г.
Драмски театар Скопје - КАРАМАЗОВИ од Душан Јовановиќ во режија на Паоло Мaѓели



Добитник на гран при за 1984 г.
Народен театар Битола - НАТЕМАГО НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ од Иво Брешан во режија на Владимир Милчин

заедничкото до крајот на животот му било позиционирано високо над личниот интерес и/или ноторниот поминок. Проверувајќи ја, неодамна, неговата архива која се чува во Музејот на МНТ, се расчувствував кога пак го листав излитениот тефтер во кој Илија „своерачно“ го запишувал концептот на правилникот по кој би требало да се одвива таа дамнешна прилепска средба на македонските професионални театри. Освен што бил театарџија по судбина, Милчин бил и дипломиран правник со положен судско-адвокатски испит. Ги имал сите можни предиспозиции да стане чесен судија или голем адвокат. Несреќните родители не можеле да се соземат кога тој, наместо сигурна и почитувана правничка кариера за која ги имал сите можни предиспозиции, одбрал да стане *сојтарија*, како што велеше баба му Заха.

Здружението на кое Милчин му секретарува во 1965 година е јавна/цивилна/општествена и, за тие сиво-социјалистички времиња, мошне независна („граѓанска“) асоцијација создадена за да ги промовира и, евентулано, да ги заштитува интересите на театарските професионалци. Претпоставувам дека идеолозите на социјализмот, кои атрибуцијата „граѓанско“ воглавно ја третирале како реакционарен остаток од „ненародното минато“, таквите ентузијастичко-секташко-синдикални здруженија ги сметале за маргинални и прилично безопасни, проценувајќи дека од нивното постоење власта може дури и да се офајди. Бидејќи, ете, ги поддржува и ги уважува, со што ја докажува демократичноста на системот кој го управува. Денес, кога многу се фалиме со практикување на слободата и (особено) на демократијата, такви и слични здруженија рефлексно се позиционираат во цивилниот/граѓанскиот сектор: невладин, непрофитен и горе-долу маргинален. Се разбира, некои делови од тој широк сектор секогаш биле и секогаш ќе бидат „помалку маргинални“ од другите (како во оној роман на Џорџ Орвел), но театрологијата своите истражувања и толкувања не ги „усогласува“ со приказните од дневнополитичкиот карактер. Како и секоја сериозна наука, театрологијата ги евидентира фактите, ги толкува нивните историски контексти и ги евалуира естетичките аспекти на тие контексти, ама никогаш не зазема страна. Нели уште руските формалисти, теоретичарите кои немерливо ја задолжиле светската хуманистика од дваесеттиот век, упорно повторувале дека уметноста (имплицитно и науката) не ја одразува бојата на знамето што во мигот се вее на градската тврдина?

Кога сме кај фактите, еве уште еден, мошне сигнификантен:

На педесет години старата програмка од таа прва средба на професионалните македонски театри експлицитно пишува: *„По иницијатива на Здружението на драмските уметници од СРМ Скопје“.*

Ова легитимно „признание“ дека прилепските театарски ***средби*** (кои од следната 1966 година ќе бидат преформулирани/преименувани во ***игри***) се автентична „последица“ на автентичната иницијатива на едно цивилно/цеховско/маргинално/граѓанско здружение, која упатува на две важни нешта:

- Прво: дека прилепската ***Средба на професионални театри од СР Македонија „Војдан Чернодрински“,*** која во наредната 1966 година природно прераснува во вторите ***Театарски игри „Војдан Чернодрински“,*** не е чедо на политиката или на власта, туку на самата театарска бранша. Игрите не ги измислиле ниту ги организирале тогашните локални или државни институции од областа на културата (кои, согласно со номенклатурата, со текот на времето се име-

нувале како „совети за култура“, „одделенија за култура“, „секретаријати за култура“, министерства за култура и така натаму...), туку ги иницирале и ги операционализирале исклучиво театарските професионалци организирани во тогашното Здружение на драмските уметници на СР Македонија. Добро, за да ја заживеат својата иницијатива, тие професионалци морале да ја добијат конкретната поддршка од фамозните општокултурни (и политички) совети, сектори и секретаријати кои ги контролирале не само парите туку и идеите, но работите така се случуваат во сите времиња и констелации. Меѓутоа, важно е да се констатира дека самиот ***Проект Чернодрински*** не произлегол од таканаречената културна политика (или стратегија) на тогашната македонска држава, туку се случил и се развил исклучиво како резултат (денес би рекле *outcome*) на иницијативата на неколкумина агилни професионалци амбицирани да го шират и да го освојуваат што е можно поголемиот „простор на слободата“. Творечката слобода. Политиката – и онаа локална, и онаа државна – во работата не им се мешала кој знае колку. Врз основа на темелните истражувања на педесетгодишниот контекст во кој прилепскиот фестивал се случува, се развива, расте и од време на време сериозно се порева, се осмелувам да заклучам дека политиката во неговиот живот се вмешувала зачудувачки малку. Со некои исклучоци, се разбира, кои – сепак – поминале без сериозни последици.

- Второ: дека во текот на сите педесет изминати години ниту статусот, ниту програмските основи, ниту организациониот модел, ниту оперативната инфраструктура на прилепскиот фестивал не се менувале и не се смениле во некоја битна смисла. Сите педесет фестивалски изданија, вклучително и годинашново јубилејно, континуирано ги организирале граѓанските здруженија составени од претставниците на сите македонски театарски куќи. И по некој претставник на градот домаќин и на неговата локална политика, за да им се најде „на теренот“. Во текот на првите деветнаесет години (1965 – 1984) како организатор на фестивалот било потпишувано Здружението на драмските уметници. Потоа самиот фестивал се „самоорганизирал“ како легитимен титулар на манифестацијата, која во неговото име, ја операционализирале и ја управувале избраните тела/форуми именувани како „Одбор за организација“ (првите седумнаесет години), „Совет“ (од осумнаесеттиот до триесет и деветиот фестивал) и „Собрание“ (од 2005 година до денес). Секој од овие одбори, совети и собранија ги раководеле избраните претседатели чиишто мандати траеле од две до четири години, со можност за повторен избор[2]. Досега најдолгиот претседателски стаж од десет мошне успешни години (1997 – 2006) го одработил актерот Кирил Ристоски. По него, веќе осум години, фестивалот го води актерот Петре Темелковски. МТФ „Војдан Чернодрински“ никогаш не го професионализирал својот оперативен тим, административен или технички, ниту се обидувал да прерасне во една од самостојните културни институции. Неговите управувачки тела – сите оние одбори, совети и собранија – редовно се потпирале исклучиво на мала екипа оперативци од прилепскиот Народен театар „Војдан Чернодрински“. Во текот на првите петнаесет години, координатор на таа екипа и номинален секретар на одборот за организација на фестивалот бил

[2] Во хронологијата *Години, настани, луѓе, прикажни...* (в. III дел на монографијата, стр. 167-238) успешно се реконструирани персоналните состави на 48 од вкупно 49 управувачки тела/форуми кои го менацирале ***Проектот Чернодрински*** во изминативе педесет години. За жал, имињата на членовите на едно такво тело не можеле да се реконструираат со сигурност (15. Театарски игри, 1980)





Добитник на гран при за 1985 г.
Македонски народен театар, Скопје - СРЕЌНА НОВА '49 од Гордан Михиќ во режија на Слободан Унковски




Добитник на гран при за 1986 г.
Народен театар, Битола - МАГНА КАРТА од Марио Рос, во режија на Златко Свибен

исклучително ефикасниот Михајло Михајлоски, долгогодишен директор на прилепскиот театар. Последниве дваесет години, од 1995 г., секретар на фестивалот е искусниот и мошне вешт Стојан Дамчески, пак долгогодишен директор на прилепскиот театар. Во текот на сите педесет години, Народниот театар, Прилеп, подоцна Народен театар „Војдан Чернодрински“[3], функционирал како навидум неформална, ама целосно функционална оперативна и техничка база без која одржувањето на фестивалот навистина би било невозможно.

## Развој на *Проект Чернодрински*

1965 година, во мигот кога македонските театарџии решаваат да го прават својот прв фестивал, Македонија има девет професионални театри: три се „центрирани“ во Скопје. Останатите шест се дисперзирани во Битола, Струмица, Куманово, Штип, Титов Велес и Прилеп. За жал, денес е речиси невозможно – прецизно и со цврсти докази – да се утврди кумулативниот број на професионалните актери, кои во таа 1965 година биле вработени во сите девет театарски ансамбли. Поточно: невозможно е егзактно да се проверат два битни статистички параметри: колкумина се (на број) и колкумина (од тој број) имаат соодветна (висока) професионална подготовка.

Дека работите со тогашниот професионален актерски кадар не стојат најдобро и дека тогашните македонски театарџии овој проблем го чувствуваат (всушност: го страдаат) како еден од најсериозните докажува и податокот дека Здружението на драмските уметници од СР Македонија веќе во рамките на Првите средби на професионалните театри во Прилеп организира советување на тема: *Актуелните проблеми на театарот*. Советувањето го подготвува и го модерира Илија Милчин. Според информацијата на прилепскиот дописник на „Нова Македонија“, во текот на целодневната расправа водена на 6 јуни 1966 г. (од 9 часот наутро до пред самиот почеток на вечерната претстава), учесниците од сите девет македонски театри најмногу се поплакувале на несоодветните просторни услови во кои работат и на недостиг на едуцираниот актерски кадар.

Во монографијата објавена по повод 25-годишнината на Театарските игри „Војдан Чернодрински“, авторот Иван Ивановски го спомнува ова советување и го резимира кадровскиот проблем, нагласувајќи дека „долго време (повеќе од една деценија) нема никакви – ни квалитативни ни квантитативни – измени на планот на актерските состави. Поради недостиг на школуван артистички кадар, невозможно е да се врши каква и да е селекција, што секако директно влијае врз квалитетот на претставите и на ансамблот во целина“ (Иван Ивановски, *Театарски игри „Војдан Чернодрински“*, Прилеп: Совет на Театарските игри, 1990:9). Во истиот текст Ивановски ги пласира и податоците преземени од извештајот од советувањето (бездруго се нецелосни, бидејќи математичките проверки на некои броеви не се покажуваат издржани, заб. моја), според кои дури 85,5 отсто тогашни актери се „без никакво актерско образование“, бидејќи „во сите 9 професионални драмски состави во Македонија работат само 8 артисти со театарска академија“ (Ивановски, ibid.).

3 Прилепскиот народен театар името на Војдан Чернодрински го носи, најверојатно, од 1968 година. На сочуваниот плакат од претставата чија премиера била во март 1968 г., експлицитно е запишано „проширеното“ име на институцијата: *Народен театар „Војдан Чернодрински“ Прилеп*. Допрва треба да се истражат изворите кои го документираат и, евентулано, го образложуваат поводот за ова преименување. Инаку, во програмката на Четвртите игри одржани од 5 до 16 јуни 1968 г., театарот и натаму е запишан како *Народен театар Прилеп*.

Педесет години подоцна, според официјалните податоци добиени на 1 јуни 2015 година од Министерството за култура на Република Македонија, во четиринаесет професионални театри, колку што денес ги има во државата, ангажирани се вкупно 933 постојано вработени професионалци. Од нив 349 се актери. И речиси сите – со исклучок на неколкумина од постарите генерации – имаат дипломи стекнати на различни театарски академии. Во строго професионална/кадровска смисла, бројот на високообразованите актери вработени во македонските театри во текот на изминативе педесет години е зголемен за неверојатни **четириесет и четири пати**!

Овој егзактен статистички податок наметнува барем две навидум реторички прашања.

Првото: дали ваквиот неверојатен кадровски подем соодветствува со актуелните професионални и, во крајна линија, естетички дострели (и стандарди) на тековната театарска продукција во Македонија?

Второто: дали и на кој начин Македонскиот театарски фестивал „Војдан Чернодрински“ – како „збирно место“ на кое македонскиот театар катагодина го покажува вадемекумот (најдоброто?) од сопствената продукција создавана во протег на изминативе 365 денови – во текот на својата педесетгодишна историја навистина успеал да се позиционира како компетентно место за евалуацијата на истата таа продукција, како она што Хамлет симболички го именува „огледало спроти природата“?

На Хамлет не се реферирам случајно, туку со причина и повод. Имено, непотпишаниот уредник, на мошне коректно подготвената програмка за оние први/„археолошки“ театарски игри од 1965 година, решил на нејзиниот почеток, како некој вид мото (или, можеби, како стратешка определба на самиот ***Проект Чернодрински***) да ги отпечати токму прочуените зборови што несреќниот дански принц им ги кажува на актерите:

***„Театарот нека покаже какво е лицето на добрината, каков е ликот на срамот; каков е изгледот на времето и содржината на духот негов“*** (Шекспир, „Хамлет“, III/2, превод на Ацо Шопов.)

Денес, педесет години подоцна, можеби е редно да се запрашаме дали избраното мото треба да го третирам само како стилска пируета или сепак како индикација дека, уште од самиот почеток, театарските игри се занесувале со амбицијата да прераснат во нешто како арбитер кој компетентно ќе ги мери и одговорно ќе ги оценува доблестите и слабостите на театарот на своето време. Дали, навистина?

Доколку тргнеме од хипотетичката констатација, речиси шпекулација, дека основоположниците на Игрите - оние неколкумина фантасти подбуцнати од дамнешното Здружение на драмските уметници на СР Македонија — својот проект навистина го иницирале и го димензионирале со вакви максималистички (апсолутно надреални) намери, бездруго би морале и да процениме што од замисленото успеале да го остварат самите тие. И колку од остварeното успеале да им го предадат, како аманет и како културен капитал, на наследниците кои ги одработувале следниве делници од историјата на прилепскиот фестивал. Отворајќи го суштественото „хамлетовско прашање“ кое со децении лебдее (демнее?) врз езотеричното битие на самиот ***Проект Чернодрински*** – автоматски отвораме и уште едно, неизбежно и не секогаш „удобно“ прашање за таканаречените уметнички критериуми и/или вистини:

Дали театарската популациија на оваа земја — оние 933 професионални театарски дејци вработени во институциите — навистина има желба и потреба Македонскиот театарски фестивал да



Добитник на гран при за 1987 г.
Народен театар, Битола - КАЛУЃЕРИЧКИ ТИШИНИ од Слободан Шнајдер, во режија на Владимир Милчин, 1987 г.



Добитник на гран при за 1988 г.
Народен театар Битола за претставата ЦРНА ДУПКА од Горан Стефановски, во режија на Бранко Брезовец

го чува и бескомпромисно да го брани како место (форум, дури и воено поле...) на кое нашата фела ќе се соочува со ***„лицето на добрината, ликот на срамот, изгледот на времето и содржината на духот негов?“***

Дали и колку денешниот македонски театар, организиран во 14 професионални институции дисперзирани низ целата држава, навистина е расположен, подготвен и кадарен високо да ја крене летвичката на сопствениот професионализам и да ги додржи највисоките критериуми што самиот ќе треба да си ги наметне?

Сите формални предуслови за ваквите максималистички барања кои рецентната театарска практика би морала безусловно да си ги поставува (сама на себе, се разбира), сите се на број: нови театарски згради, веќе изградени или сè уште во изградба; квалитетна сценска техника и технологија (дури и во постарите театарски објекти); компетентен кадар – не само актерски, туку и режисерски, драматуршки, сценографски, костимографски...; повеќе од пристојно финансирање од страна на државата; продукција од речиси седумдесетина претстави годишно (вклучувајќи ја и независната/алтернативната професионална продукција), што е сериозна бројка за земја од два милиони жители); публиката која бездруго се вбројува меѓу најтрпеливите и најверните на светот...

Дали сме сигурни дека театарскиот производ што во моментов ни се испорачува навистина е „најдобар на светот“ или барем „најдобар во нашите услови“?

Секој фестивал, вклучително и прилепскиот, функционира како некој вид симболичка дропка чиишто два судбински поврзани членови – оној над и оној под цртичката што едновремено и ги спојува и ги дели — меѓусебно се условуваат: горниот е естетички, долниот организациски, денес би рекле менаџерски. Секој фестивал, вклучително и прилепскиот, секогаш е „слика“ и/или резултат – денес се вели *outcome* – на продукциските и на организациските стандарди на театрите кои ја „исполнуваат“ неговата програма. Задоволството или незадоволството од фестивалот само е проекција/резултат/*outcome* од идентичниот став и однос кон театарската практика што нè опкружува и во која учествуваме.

## *Проект Чернодрински:* кратка историја на копнежот

Помеѓу 4 и 11 јуни 1965 г. кога во Прилеп се случувала онаа дамнешна *Средба на професионалните театри од СРМ „Војдан Чернодрински“*, програмата била составена од вкупно осум претстави. Ама во компетицијата за наградите учествувале само шест, продуцирани во театрите од Прилеп, Струмица, Куманово, Титов Велес, Штип и Битола. Останатите две – и двете во продукција на тогашниот Малцински театар од Скопје и во изведба на неговите две трупи: Шиптарска драма и Турска група[4] — не се натпреварувале туку дошле да гостуваат. Сепак, во наред-

[4] Пред педесет години, 1965 г., денешните два скопски театари – Албанскиот театар и Турскиот театар – функционирале како компатибилни сегменти на институцијата чиешто службено име било: Малцинскиот театар Скопје. Првите службени називи на неговите два драмски ансамбли биле: *Шиптарска драма и Турска група.* Во текот на децениите, овие називи биле менувани повеќе пати.

Повеќе од дваесет години, овие два ансамбли редовно настапувале на фестивалот и куражно се бореле за најдобра можна комуникација со публиката која не го разбирала нивниот јазик и затоа – според извештаите во весниците – нивните претстави ги посетувала во значително помал број. Дури во 1987 година фестивалот создал технички услови за симултано преведување на претставите.

ната 1966 година, кога фестивалот се преименува во *Театарски игри „Војдан Чернодрински“*, тие стануваат рамноправни учесници на манифестацијата чијшто сигнификантен „поднаслов“, препишан директно од службената програмка, кажува дека учесниците се „професионални театри *од внатрешноста* на СР Македонија“.

***Внатрешноста*** е сериозна категорија, веќе и заради фактот што априорно се квалификува како категорија од втор ред. Комплицираниот однос на „затскриената“ ***внатрешност*** и експонираната ***„надворешност“,*** помеѓу ***центарот*** и ***маргината,*** помеѓу ***метрополитанизмот*** и ***провинцијализмот,*** европските културолози ќе го откриваат и енервантно ќе го распраВаат во ерата на постмодерната. Меѓутоа, во македонскиот театарски контекст, оваа бинарна опозиција функционира како катагодишната прилепска фестивалска практика најмалку дваесет години порано.

Денес ни изгледа неверојатно она што на прилепските Театарски игри „Војдан Чернодрински“ цели единаесет/дванаесет години се случувало како нормално, саморазбирливо и општоприфатено: на фестивалот да се натпреваруваат само театрите од внатрешноста.

Театрите од Скопје тоа не го прават, со исклучок на Албанската драма и Турската драма на Театарот на народностите, кои во натпреварувачката програма на Игрите колегијално влегле веќе 1966 година. Македонскиот народен театар и Драмскиот театар во Прилеп уредно си минуваат (секоја година) и играат исклучиво како гости на кои им се прави чест да го „доукрасат“ крајот на манифестацијата. И тоа откако сите театри „од внатрешноста“ (плус оние два „маргинални“ од Скопје) ќе покажат што знаат и умеат. Од 1966 до 1977 година кога Македонскиот народен театар најпосле ќе реши да влезе во конкуренцијата и „рамноправно“ да се натпреварува за фестивалските награди, а истото, година подоцна (1978) ќе го стори и елитниот Драмски театар, прочуен колекционер на наградите од најпознатите бивши југословенски фестивали, македонските театри легално (а не само функционално!) се поделени на „внатрешните“ и „надворешните“, „централните“ и „маргиналните“, театрите од прв и од втор ред.

Кој ја смислил, зошто ја наметнал и во име на што со години успевал да ја спроведува оваа бизарна културална/театарска сегрегација? Чија била иницијативата за нејзиното озаконување? На „центарот“, кому му било „под честа“ да се натпреварува со „внатрешноста“? Или на „внатрешноста“ која се плашела „центарот“ да не и ги загрози можностите за освојување на фестивалските награди?

Има најмалку две верзии на наводниот точен одговор на оваа загатка. Првата: дека театрите од „внатрешноста“ инсистирале скопските театри да не се натпреваруваат со нив, бидејќи драстично би им се намалиле шансите за добивање награди. Втората: дека на скопските театри, кои веќе се покажале успешни во собирањето награди од бившите југословенски фестивали, прилепските статуетки и релативно мали („македонски“) парични износи што оделе со нив не им значеле кој знае колку. Тешко е да се процени која од верзиите е вистинската. Пореална ми се гледа опцијата дека вистинската вистина е некаде помеѓу нив.

Меѓутоа, и двете верзии се спротивставуваат (или, можеби се согласуваат) околу иста работа: наградите. И двете својот став кон фестивалот го градат исклучиво околу борбата за наградите. Која ќе стане „нерамноправна“ доколку во неа учествуваат и „центарот“ и „внатрешноста“.



Добитник на гран при за 1989 г.
Театар на народностите – Турска драма, Скопје - КАВКАСКИ КРУГ СО КРЕДА од Бертолт Брехт во режија на Јуџел Ертен



Добитник на гран при за 1990 г.
Драмски театар, Скопје - КУЛА ВАВИЛОНСКА од Горан Стефановски
во режија на Слободан Унковски

Истражувањата на вистинските причини за бизарната поделба на театрите „од внатрешноста“ и театрите „од центарот“ тешко дека ќе можат целосно и одговорно да се спроведат, бидејќи тешко дека ќе можат да се потпрат на што-годе релевантна граѓа од таканаречен примарен вид. Таквата граѓа, главно, веќе не постои затоа што сите македонски театарски архиви се, главно, девастирани и неповратно запустени. Врз основа на субјективните сведоштва (квазимемоари) на некои од протагонистите од тоа време или на паушалните текстови од весниците кои не се трудат (ниту им е тоа задача) да се повикуваат на проверливите извори и докази, туку главно работат со впечатоци, театролозите тешко ќе можат да ги реконструираат вистинските причини за ваква драстична „поларизација“ на македонските театри од минатото. Длабоките траги на таа поларизација ги гледаме и ден-денес.

Од 1977 година, кога во конкуренцијата влегуваат претставите од скопскиот МНТ и од 1978 година, кога во играта влегува и Драмски театар, фестивалот најпосле и се доближува до својата примарна програмска цел, запишана уште во оној стар тефтер на Илија Милчин. Со тоа, дванаесет години по неговата фактичка иницијација, околу прилепскиот ***Проект Чернодрински*** најпосле се создале сите услови за активирање на оние идеалистички барања дефинирани во Хамлетовиот говор, симболички вглавен – како мото и како стратегема – во програмката на првиот фестивал. Собрани на едно место и согласни да настапуваат под истите услови и со истата цел – да функционираат како хамлетовското *огледало спроти природата* — македонските театри тргнуваат да го покажуваат ***лицето на добрината,*** да го екразираат ***ликот на срамот,*** да го „поткажуваат“ фамозниот ***изглед на времето и содржината на духот негов...***

Треба да се напомне уште еден суштествен факт: дека неверојатно долго, цели 27 години – од 1965 до 1992 година — фестивалот упорно се „бранеше“ од секој обид за претходна селекција, за воспоставување какви било естетски/програмски критериуми кои однапред би ја детерминирале фестивалската програма. Изборот на претставите што учествувале во првите 27 фестивалски изданија ги правеле самите театри, според сопствените определби и проценки. Речиси е неверојатно дека функцијата на фестивалскиот селектор првпат е активирана дури во 1993 година, кога Советот на Театарските игри оваа должност му ја доверува на истакнатиот театарски критичар и долгогодишен хроничар на македонскиот театар Иван Ивановски[5], еден од најупатените македонски театарџии.

Сепак, круцијалното прашање и натаму остана да лебдее врз фестивалските случувања: Дали смислата на фестивалот и неговата примарна цел навистина било (и останало) – само наградување, дури и невротичното кумулирање на што е можно поголем број награди?

Некои помалку славни епизоди од педесетогодишната историја како да укажуваат оти целта на целава фестивалска приказна – смислата на

[5] По неговиот двегодишен мандат (1993/1994), селекторската функција во 1995 година ја презема критичарката Лилјана Мазова, а наредната 1996 година ја наследува режисерот Љубиша Георгиевски. Имињата на сите селектори се наведени во хронологијата *„Години, настани, луѓе, приказни...“*. Советот на МТФ во 2003 година ги проширил селекторските ингеренции, определувајќи нив да ги исполнува уметничкиот директор на фестивалот. Прв уметнички директор бил драмскиот писател Сашко Насев (2002/2004), кого го наследил Ѓунер Исмаил (2005/2006). Од 2007 година оваа функција ја извршува актерот Петре Темелковски, актуелниот селектор и уметнички директор на МТФ

она што денес го нарекуваме ***Проекш Чернодрински*** – многупати се сведувала само/исклучиво на комбинаториките со наградувањето. Ристо Стефановски, запишувач на театарските случувања низ годините, овие комбинаторики зачестено ги нарекува *кујни*[6]. Резултатите на тие *кујни* умееле, понекогаш, сериозно да го загрозат самиот фестивал. Најдрастичен пример е, несомнено, 31. фестивалско издание од 1996 година на кое токму Стефановски е претседател на Советот и кое заврши така што не се заврши воопшто. Револтирани од критериумите по кои се доделени петнаесетте фестивалски награди – од кои осум на една претстава – останатите седуммина наградени одбиле да ги земат своите признанија. Со нив се солидаризирал и ансамблот на Македонскиот народен театар кој, таа вечер, во чест на наградените требало да ја одигра претставата „Глембаеви“ но одбил да го стори тоа...

Фестивалот заврши така што не заврши воопшто. А можеше и воопшто да не продолжи. Да не се случеше иницијативата на тогашниот министер за култура Слободан Унковски, театарски режисер (што, во мигот, беше исклучително битно), кој решително го покрена процесот на новото конституирање и регистрирање на сите управувачки тела на фестивалот, помогна во пишувањето на нови правилници, го поддржа ангажирањето на новиот оперативен тим, дури и измената на формалното име (дотогашните *Театарски игри* во 1997 година биле преименувани во *Македонски театарски фестивал „Војдан Чернодрински“*)... – ***Проекш Чернодрински*** можеби и ќе запреше во одот. Засекогаш!

32. МТФ „Војдан Чернодрински“ значеше вистински нов почеток на самиот ***Проекш Чернодрински.*** Новата енергија (ентузијазам, страст, желба, амбиција, занес...) сериозно ја раздвижи и радикално ја осовремени фестивалската програма. Новиот претседател на Советот, упорниот и безгранично трпеливиот Кирил Ристоски, ширум ги отвори сите можности за започнувањето на сосема нов, динамичен, исклучително продуктивен циклус. Податоците кои сведочат за тие години упатуваат кон заклучокот дека никогаш во историјата на фестивалот немало толку многу претстави, не само во натпреварувачката програма туку и во придружната. Никогаш немало толку научни симпозиуми, дебати, трибини, изложби, концерти, книги на кои, како издавач, бил потпишан самиот МТФ... За претставите никогаш не се разговарало толку долго, интензивно (многупати и со повисок тон), но и толку компетентно. Цели генерации нови театарски критичари, драматурзи и театролози, млади и дотогаш „незнајни“, незамешани во театарскиот живот или исклучени од него, сосема го освоиле фестивалот.

И го држале под опсада неколку години. Што може да се провери во хронологијата „Години, настани, луѓе, приказни...“, отпечатена во третиот дел од оваа книга (в. стр. 167 - 238)

### *Проекш Чернодрински*<br>културен капитал на Македонија

Освен што се свечени и неизбежно сентиментални, да не речам патетични, јубилеите се и обврзувачки. За тие што ги одбележуваат. Јубилеите од областа на уметностите обврзуваат кон нив да се однесуваме одговорно и објективно, со целосен респект кон фактите кои го аргументираат нивниот пат низ времето и со уважување на тие што ги започнале и јуначки ги одработиле сите претходни делници од заедничкиот теа-

[6] В. Стефановски, Ристо, *Мојош шеашар – моише висшини, зайиси, сведошша, сеќавања,* книгите 1 и 2, Скопје: Академски печат, 2013/2014



Добитник на гран при за 1990 г.
Народен театар Битола - ХАМЛЕТ од Вилијам Шекспир во режија на Љубиша Георгиевски



тарски проект кој, ете, милувам да го нарекувам ***Проект Чернодрински***. И да го дефинирам како бесценет ***културен капитал*** на Македонија.

Синтагмата ***културен капитал*** европската теорија ја пушти во оптек пред некои петнаесетина години, во мигот кога модерните општества најпосле ја освестиле и почнале организирано да ги промовираат сè поголемите стратешки и развојни вредности на културата, науката, образованието, културните институции, културното наследство, творештвото од сите области. Синтагмата ***културен капитал*** ја нагласува исклучителноста на општествениот, но и на индивидуалниот „багаж“ на таканаречената ***традиција*** што вообичаено се дефинира како ***културна вредност***. Макар што не е економски прецизна, дефиницијата упатува токму кон онаа тешко мерлива ама неспорна, исклучително релевантна и апсолутно „видлива“, „допирлива“ вредност на изворните културни ресурси, поединечни/персонални или општествени. Се користи, главно, во контекстите во кои треба да се прецизираат предностите на „напластената традиција“, на секој вид „живо наследство“ што трпеливо го создавале и продолжуваат да го создаваат поединците, институциите, заедниците, цели општества.

Нашиот ***Проект Чернодрински*** е неспорен пример на таков ***културен капитал*** од највисок ранг. Без него, без тие негови педесет делници, составени од едночудо напори, ситници, сонови, копнежи, надежи, стравови, успеси, промашувања, разочарувања и верби на дузини и дузини луѓе, без резултатите што тие луѓе трпеливо ги вградувале во заедничката театарска приказна, македонскиот театар сигурно би бил поинаков отколку што е денес. Не велам дека би бил подобар или полош, туку просто – поинаков.

Без прилепскиот ***Проект Чернодрински*** Македонија ќе го немаше, за почеток, единственото место што сите нè собира, катагодина, со истата цел: да ги одмериме силите и да се споредиме меѓусебно, за да видиме до кај сме и како би можеле да продолжиме.

Истражувајќи ги, во овој јубилеен контекст, конкретните и ептен проверени театрографски факти кои ги документираат изминативе педесет години постоење на **Македонскиот театарски фестивал „Војдан Чернодрински“** и рекапитулирајќи ги нивните квантитативни и квалитативни „пораки“ напластени во текот на тие пет декади, неизбежно се соочив со прочуената глоса за боговите и за фактите. Количеството и релевантноста на тие факти, кумулирани во ***културниот капитал*** што со причина го нарекувам ***Проект Чернодрински***, многупати се зашеметувачки, речиси нестварни. Ги собрав и ги искоментирав во оваа монографијата која го заокружува годинашниот фестивалски јубилеј.

Добитник на гран при за 1990 г.
Театар на народностите - Турска драма, Скопје - ЖИВКО ЖИВЕЕ НЕ ЖИВЕЕ од Азис Несин во режија на Кенан Ишик



РЕКАПИТУЛАР

Добитник на гран при за 1991 г.
Народен театар, Битола - ПОДЗЕМНА РЕПУБЛИКА од Јордан Плевнеш во режија на Владо Цветановски




Добитник на гран при за 1991 г.
Театар на народностите - Турска драма, Скопје - КАРТОНСКА КУТИЈА од Ирфан Беѓур во режија на Бранко Брезовец

## МТФ *ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ*
## *1965-2015*

» **Првиот фестивал**, именуван како ***СРЕДБА НА ПРОФЕСИОНАЛНИТЕ ТЕАТРИ ОД СР МАКЕДОНИЈА***, одржан е од 4 до 11 јуни 1965 година во Прилеп. Од следната 1966 г. името му е сменето во ***ТЕАТАРСКИ ИГРИ „ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ“***. Триесет години подоцна, 1997 г., фестивалот е преименуван во ***МАКЕДОНСКИ ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ „ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ“***. Константата во сите три верзии е – **Чернодрински**!

» **Првата фестивалска сцена**, која и денес се користи не само како алтернативна, туку и како сцена за компетитивната фестивалска програма е сцената на старото прилепско кино на Пане и Ѓоре Напе, која до ден-денес му е матична сцена на Народниот театар „Војдан Чернодрински“;

» **Втората фестивалска сцена,** која – заради подобри технички услови и поголемо/посовремено гледалиште – интензивно се користи од 1980 година, е сцената на Домот на културата „Марко Цепенков“;

» **417 фестивалски денови;** во текот на изминативе педесет години, Прилеп има проживеано (преживеано?) точно **417 фестивалски деноноќија,** целосно исполнети со театарските содржини од најразличен вид: претстави, дебати, изложби, трибини, симпозиуми, тематски предавања, чествувања... И дружења, формални и неформални, на луѓе чијшто број е невозможно да се утврди. Дури е невозможно и да се претпостави колкав бил.

» **662 фестивалски претстави;** во текот на 417 фестивалски денови, биле изведени вкупно **474 претстави во официјалната програма** и уште **188 претстави во програмата што вообичаено се нарекува придружна.** Збирот на двете бројки кажува дека во Прилеп, досега, биле изведени **662 фестивалски претстави.**

» **413 претстави во конкуренција за наградите;** од претставите изведени во официјалната програма, **413 се натпреваруваале за фестивалски награди,** додека останатите 61 биле изведувани вон конкуренција или по покана, најчесто во чест на наградените.

» **Награди во 13 категории;** во текот на првите десетина-петнаесет години, наградите биле доделувани само во неколку клучни категории: уметничко остварување на претстава во целина, режија, текст на современа домашна драма, актерски остварувања... Постапно, со воведување нови категории (сценографија, костимографија, сценска адаптација, сценска музика, сценски движења/кореографија, рекламен материјал...), бројот на службените фестивалски награди се зголемил на актуелните тринаесет.

» **668 официјални фестивалски награди;** во рамките на досегашните 49 натпреварувачки изданија, биле доделени вкупно **664 службени фестивалски награди,** профилирани во **13 категории**: за уметничко остварување во целина, за домашен драмски текст, за режија, сценографија, костимографија, музика, кореографија, дизајн на пропагандниот материјал, главни и споредни улоги, млади актери и актерки, животно дело... Во не-

колку ситуации, фестивалските жирија доделувале и неколку специјални награди, за кои образложенијата не се сочувани во главно непостојната фестивалска документација. Бидејќи и овие награди треба да се сметаат за службени (3 за уметничко остварување во целина, 1 за режија), во изминативе 49 фестивалски изданија биле разделени **вкупно 668 официјални награди**.

» **Главна фестивалска награда;** од вкупно 49 досегашни фестивали, Главната награда (Grand prix) која се доделува за уметничко остварување на претстава во целина, била доделена **47 пати**; во четири случаи, напоредно со оваа награда биле доделувани и вкупно 3 специјални награди за претстава во целина, Најмногу Главни награди ги имаат добиено: **Народен театар Битола (12), Драмски театар Скопје (10), Народен театар „Војдан Чернодрински“ Прилеп (6), Турски театар Скопје (4)** и две специјални) и **Македонски народен театар (4).**

» **Застапеноста на домашната драма;** од 413 претстави што се натпреварувале за наградите, **189** биле инсценирани врз **текстовите на македонските автори** што значи дека **45,76 отсто** од вкупниот натпреварувачки репертоар бил домашен/македонски.

» **Домашната драма во придружна програма;** помеѓу **188 претстави** изведени во придружните програми, **82** (или **43,6 отсто**) биле инсценирани врз **текстовите на македонските автори**.

» **Награда за текст на современата домашна драма:** Макар што стимулирањето на домашната драматика уште во 1965/1966 година било декларирано како една од неговите стратегеми, во изминативе педесет години **наградата за текст на современата македонска драма била доделена само 27 пати**. Или, поинаку, не била доделена на дури 22 фестивали, стекнувајќи се со аура на **најнедоделуваната фестивалска награда**, воопшто.

**Најмногу награди за текст на современа домашна драма има Горан Стефановски – вкупно 5.**

По 3 награди за текст имаат четворица автори: **Јордан Плевнеш, Дејан Дуковски, Благоја Ристески – Платнар и Венко Андоновски.**

» **Награда за режија;** единствената фестивалска награда (освен актерските!) која е доделена на сите досегашни фестивали – освен на едниот (1978). Доколку ја броиме и едната **специјална награда за режија**, произлегува дека, од сите поединечни награди (со исклучок на актерските) само бројката на оваа поединечна награда целосно се совпаѓа со бројот на одржаните фестивали. Од 49 награди за режија, најмногу ги имаат добиено **Владимир Милчин (8), Бранко Ставрев (7), Љупчо Ѓоргиевски и Дејан Пројковски (секој по 4), Љубиша Георгиевски, Душко Наумовски, Слободан Унковски и Владо Цветановски (секој по 3). Александар Поповски,** македонски режисер со најмногу странски награди, има 2 награди на МТФ, колку и режисерите **Сашо Миленковски и Мартин Кочовски.**



Добитник на гран при за 1992 г.
Драмски театар, Скопје - ЧЕРНОДРИНСКИ СЕ ВРАЌА ДОМА од Горан Стефановски во режија на Слободан Унковски



Добитник на гран при за 1993 г.
Народен театар, Куманово - GAME OVER/ГЕЈМ ОВЕР од Ристо Крле и Сашо Миленковски, во режија на Сашо Миленковски

» **Најнаградуваните претстави;** најмногу поединечни награди на досегашните фестивали имаат добиено претстваите:

2014 година – **„Вечната куќа"** од Јордан Плевнеш, продукција на Македонски народен театар, во режија на Дејан Пројковски (10) ;

1996 година – **„Мајстор и Маргарита"** од Михаил Булгаков и Владо Цветановски, продукција на Народен театар Битола, во режија на Владо Цветановски (8);

По 7 награди имаат две претстви: 1995 година – **„Розенкранц и Гилденстерн"** се мртви од Том Стопард, продукција на Драмски театар Скопје, во режија на Златко Славенски (7); 2001 – **„Диво месо"** на Горан Стефановски, продукција на Драмски театар, Скопје, во режија на Александар Поповски (7);

По 6 награди имаат пет претстави: 1984 година – **„Карамазови"** од Душан Јовановиќ, продукција на Драмски театар Скопје, во режија на Паоло Маџели; 1985 година – **„Среќна нова '49"** од Гордан Михиќ, продукција на МНТ Скопје, во режија на Слободан Унковски; 1987 – **„Калуѓерички тишини"** од Слободан Шнајдер, продукција на Народен театар Битола, во режија на Владимир Милчин; 1988 – **„Црна дупка"** на Горан Стефановски, продукција на Народен театаср Битола, во режија на Бранко Брезовец; 1991 година – **„Подземна република"** од Јордан Плевнеш, продукција на Народен театар Битола, во режија на Владо Цветановски.

» **Најнаградуваните актери;** во изминативе педесет години тоа се **Мето Јовановски** (7 годишни награди и награда за животно дело 2015, вкупно 8) и **Зора Георгиева** (5 годишни награди и награда за животно дело, вкупно 6).

По 6 награди имаат и актерите **Кирил Ристоски и Владимир Светиев** (5 годишни награди и награда за животно дело, вкупно 6).

Вкупно 5 годишни награди има актерот **Никола Ристановски.**

Вкупно 5 награди за актерско остварување ги има и **Тони Михајловски** - 3 годишни и дури 2 награди за најдобар млад актер „Трајко Чоревски".

По 4 годишни награди добиле **Олга Наумовска** (која 1995 година ја доби и наградата за животно дело, вкупно 5 награди) и **Љубиша Трајковски** (и наградата за животно дело, вкупно 5 награди))

Вкупно по 4 годишни награди добиле актерите **Бедија Беговска, Јелена Жугиќ, Ѓорѓи Јолевски, Дејан Лилиќ и Драган Спасов – Дац.**

» **Најмногу награди – актерски;** очекувано и логично, најголем број награди биле доделен за актерските остварувања – **вкупно 301.** Овие награди се групираат во три категории: „стандардни“/катагодишни (чиј број, зависно од годината, варира од 3 до 6) и две именувани по актерите Трајко Чоревски (за најдобар млад актер) и Димче Трајковски (за најдобра епизодна ролја). Посочените 301 награда за актерски остварувања е збир од **224 редовни годишни награди, 46 награди *Трајко Чоревски,* и 31 награда *Димче Трајковски*.** Согледан дури и од формално-статистичкиот агол, овој број кажува најмалку две важни работи:

**првата**, дека 45 отсто од сите фестивалски награди им се доделени на актерите и дека е тоа чиста и апсолутна правдина;

**втората**, дека актерите отсекогаш биле и трајно останале амблематскиот знак на македонскиот театар, неговиот (нај)голем креативен потенцијал, неговата „ударна тупаница“. Уште од времето на скомрахите.

» **Придружна програма**

Во изминативе педесет години, во рамките на Фестивалот биле организирани **9 компетентни театролошки симпозиуми** (некои и со триесет-четириесет учесници чиишто трудови потоа биле објавени во четири одделни и опсежни зборници), **29 трибини, 12 панел-дискусии, 24 тематски ликовни изложби**...

Во одделни периоди, фестивалот настојувал да ја развива и издавачката дејност која, по својот карактер, би била поамбициозна од стандарните публикации: годишните програмски книшки („каталози“) и билтените низ кои биле документирани сите случувања. За жал, најголем дел од билтенските комплети се (неповратно) загубени а ги нема ниту програмските книшки од сите 49 години.

Како посебни фестивалски изданија досега се објавени:

» 2 авторски книги на Иван Ивановски: ***Театарски игри „Војдан Чернодрински“ 1965 – 1975, театрографски податоци*** и монографијата ***Театарски игри „Војдан Чернодроински“ 1990;***

» 4 зборници од театролошките симпозиуми одржани на фестивалот од 1997 до 2000 година, приредени од Јелена Лужина;

» монографијата ***Илија Милчин,*** приредена од Јелена Лужина (2003); на Скопксиот саем на книгата 2004 г. Монографија е наградена како најдобро уредена и обликувана книга помеѓу два саеми.



Добитник на гран при за 1994 г.
Народен театар, Битола - NOTRE FEMME DE PARIS од Јордан Плевнеш
во режија на Владо Цветановски, 1994 г.



Добитник на гран при за 1995 г.
Драмски театар, Скопје - РОЗЕНКРАНЦ И ГИЛДЕНСТЕРН СЕ МРТВИ
од Том Стопард во режија на Златко Славенски



Добитник на гран при за 1996 г.
Народен театар, Битола - МАЈСТОРОТ И МАРГАРИТА од Михаил Булгаков, во драматизација и режија на Владо Цветановски



Добитник на гран при за 1997 г.
Македонски народен театар, Скопје - М.М.Е. КОЈ ПРВ ПОЧНА од
Дејан Дуковски во режија на Александар Поповски



Добитник на гран при за 1998 г.
Народен театар „Војдан Чернодрински“ Прилеп - ПОЛКОВНИКОТ ПТИЦА од Христо Бојчев, во режија на Владо Цветановски



## ПРОЕКТ ЧЕРНОДРИНСКИ: ТРАГИ ВО ВРЕМЕТО

Добитник на гран при за 1999 г.
Театар на народностите – Турска драма, Скопје - ЛУДИОТ ИБРАХИМ
од Ахмед Туран Офлазоглу, во режија на Владимир Милчин



## НАГРАДА ЗА УМЕТНИЧКО ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРЕТСТАВА ВО ЦЕЛИНА

Добитник на гран при за 2000 г.
Народен театар, Битола - МАКЕДОНСКА КРВАВА СВАДБА од Војдан Чернодрински, во режија на Љупчо Ѓоргиевски

Прва меѓу наградите – онаа за уметничкото остварување на претстава во целина, не е поединечна туку збирна продуцентска награда која секаде во светот вообичаено се нарекува гран при (Grand prix), **Големата награда.**

По логиката на нештата, големината на претставата која ја добива **Големата награда** обично се „потврдува“ со уште неколку компатибилни награди кои дополнително ја аргументираат нејзината големина. Најчесто тоа се наградите за режија, текст, сценографија, актерски остварувања... Секоја од тие награди е „доказ повеќе“ за умешноста на продуцентот кој и преку нив ја докажува кадарноста да произведе голем/значаен театарски проект.

Доколку ги анализираме театрографските факти, целосно евидентирани во третото поглавје од оваа монографија (в. ***„Проект Чернодрински“ – Хронологија***, стр. 167-238), неизбежно ќе заклучиме дека македонските фестивалски искуства со **Големите награди** се амбивалентни и многупати збунувачки. Необично е, да речеме, кога **Големата награда** ќе ја добие претставата која не е и најдобро режирана (бидејќи наградата за режија ја добива некоја друга претстава) или барем одиграна од најдобрите/наградените актери... Необично е, на пример, кога **Големата награда** воопшто не се доделува, но се доделуваат две рамноправни награди за режија на две претстави кои учествувале во натпреварот, а на едната од тие две и се доделуваат дури две актерски награди... Необично е, исто така, кога покрај **Големата награда,** стручното жири ќе додели уште една или две **специјални награди за претстава во целина** со што, во најмала рака, неговите членови сериозно ги релативизираат („разводнуваат“) сопствените одлуки...

Во текот на изминативе педесет години и нивните 49 фестивалски изданија, оценувачките жири-комисии **Големите награди** ги доделиле 47 пати (двапати решиле да ја скокнат оваа награда). Меѓутоа, уште трипати решиле да доделат и **специјални награди за остварување на претстава во целина** (1984, 1990 и 1991), при што најдарежливи биле 1990 г. кога доделиле дури две.

Најмногу **Големи награди** ги има добиено ***Народниот театар, Битола*** – 12 официјални и уште две специјални – што би значело, гледано строго книговодствено, дека би можеле да го сметаме за најдобар/најуспешен театарски продуцент во Македонија.

Скопскиот ***Драмски театар***, кој на фестивалот учествува од 1978 година (за разлика од Битолскиот театар, кој се натпреварува од 1965 година и во компетицијата учествува сите 49 пати), за само 35 учества има собрано дури 10 **Големи награди.** Гледано строго книговодствено, дали ова значи дека Драмскиот театар треба да се смета за поуспешна продуцентска куќа од, да речеме, Битолскиот театар?

***Прилепскиот театар***, кој од 1968 година го носи името на Војдан Чернодрински и кој на фестивалот учествува во континуитет, **Големата награда** ја има добиено дури 6 пати.

Денешниот ***Турски театар***, кој во изминативе педесет години повеќепати го модифицирал своето име, а во фестивалската компетиција рамноправно учествува од 1966 година, **Големата награда** ја има добиено 4 пати. И уште 2 пати ја добил онаа Специјална награда за уметничко остварување на претстава во целина.

Во споредба со овие бројки, четирите **Големи награди** кои ***Македонскиот народен театар*** ги има добиено помеѓу 1978 и 2014 година на прв поглед делуваат како скромен резултат.

Се разбира, компетентните заклучоци за продуцентскиот потенцијал на одделни театарски институции не се изведуваат (само) според бројот на наградите освоени на фестивалите.



1965 - **Народен театар, Битола** за претставата ***НАЖАЛЕНА ФАМИЛИЈА*** од Бранислав Нушиќ, во режија на Душан Наумовски

1967 - **Народен театар, Битола** за претставата ***РАЗБОЈНИЦИ*** од Фридрих Шилер, во режија на Димитар Христов

1968 - **Народен театар, Куманово** за претставата ***ВУЈКО ВАЊА*** од Антон Павлович Чехов, во режија на Благоја Андреев

1969 - **Народен театар „Антон Панов“ Струмица за** претставата ***СМЕА НИЗ СОКАЦИТЕ*** од Кочо Урдин во режија на Бранко Ставрев

1970 - **Народен театар „Војдан Чернодрински“ Прилеп** за претставата ***ОД ГЛААТА СИ ПАТИМЕ*** од Војдан Чернодрински во режија на Ацо Алексов

1971 - **Народен театар Куманово** за претставата ***СИТЕ МОИ СИНОВИ*** од Артур Милер, во режија на Ацо Алексов

1972 - **Народен театар „Антон Панов“ Струмица** за претставата ***ТУТУНСКИОТ ПАТ*** од Калдвел и Киркланд, во режија на Бранко Ставрев

**Народен театар „Војдан Чернодрински“** Прилеп за претставата ***ЦЕНА*** од Артур Милер, во режија на Ацо Алексов

1973 - **Народен театар „Антон Панов“, Струмица** за претставата ***СМРТТА НА ТАРЕЛКИН*** од Александар Василевич Сухово Кобилин, режисер: Бранко Ставрев

1975 - **Народен театар „Антон Панов“ Струмица** за претставата ***ВЕКУТУМА ВЕКА ИЛИ ЖИТИЕ АДАМОВО*** според текстовите на Марко Цепенков, во режија на Бранко Ставрев

1976 – **Народен театар „Антон Панов“ Струмица** за претставата ***СОБЛАЗНА ВО ШЕНТФЛОРИЈАНСКАТА ДОЛИНА*** од Иван Цанкар, во режија на Душко Наумовски

1977 - **Народен театар „Антон Панов“ Струмица** за претставата ***ГОЛЕМАТА НАГРАДА*** од Хектор Кинтеро, во режија на Бранко Ставрев

1978 - **Македонски народен театар, Скопје** за претставата ***КРЧМА ПОД ЗЕЛЕНОТО ДРВО*** од Петер Ковачек, во режија на Владимир Стринско

1979 - **Драмски театар Скопје** за претставата ***ОСЛОБОДУВАЊЕ НА СКОПЈЕ*** од Душан Јовановиќ, во режија на Слободан Унковски

1981 - **Театар на народносите** - **Турска драма, Скопје** за претставата ***ЗЛОСТОРСТВО И КАЗНА*** од Ф. М. Достоевски, во режија на Бранко Ставрев

1982 - **Народен театар, Битола** за претставата ***ПИРЕЈ*** од Петре М. Андреевски и Владимир Милчин, драматизација и режија: Владимир Милчин

1983 - **Театар на народностите – Албанска драма, Скопје** за претставата ***ЈАС, ХАЛИЛ ГАРИЈА*** од Беќир Муслиу во режија на Душан Наумовски

1984 - **Драмски театар Скопје** за претставата ***КАРАМАЗОВИ*** од Душан Јовановиќ во режија на Паоло Маѓели

**Специјална награда за претстава во целина:**

**Народен театар Битола** за претставата ***НАТЕМАГО НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ*** од Иво Брешан во режија на Владимир Милчин

1985 - **Македонски народен театар, Скопје** за претставата ***СРЕЌНА НОВА '49*** од Гордан Михиќ во режија на Слободан Унковски

1986 - **Народен театар, Битола** за претставата ***МАГНА КАРТА*** од Марио Рос, во режија на Златко Свибен

1987 - **Народен театар, Битола** за претставата ***КАЛУЃЕРИЧКИ ТИШИНИ*** од Слободан Шнајдер, во режија на Владимир Милчин

1988 - **Народен театар Битола за** претставата ***ЦРНА ДУПКА*** од Горан Стефановски, во режија на Бранко Брезовец

1989 - **Театар на народностите – Турска драма**, **Скопје** за претставата ***КАВКАСКИ КРУГ СО КРЕДА*** од Бертолт Брехт во режија на Јуџел Ертен

1990 - **Драмски театар, Скопје** за претставата ***КУЛА ВАВИЛОНСКА*** од Горан Стефановски во режија на Слободан Унковски

**Специјални награди за претстава во целина:**

**Народен театар Битола** за претставата ***ХАМЛЕТ*** од Вилијам Шекспир во режија на Љубиша Георгиевски

**Театар на народностите** - **Турска драма, Скопје** за претставата ***ЖИВКО ЖИВЕЕ НЕ ЖИВЕЕ*** од Азис Несин во режија на Кенан Ишик

1991 - **Народен театар, Битола** за претставата ***ПОДЗЕМНА РЕПУБЛИКА*** од Јордан Плевнеш во режија на Владо Цветановски

**Специјална награда за претстава во целина:**

**Театар на народностите - Турска драма, Скопје** за претставата ***КАРТОНСКА КУТИЈА*** од Ирфан Беѓур во режија на Бранко Брезовец

1992 - **Драмски театар, Скопје** за претставата ***ЧЕРНОДРИНСКИ СЕ ВРАЌА ДОМА*** од Горан Стефановски во режија на Слободан Унковски

1993 - **Народен театар, Куманово** за претставата ***GAME OVER/ГЕЈМ ОВЕР*** од Ристо Крле и Сашо Миленковски, во режија на Сашо Миленковски

1994 - **Народен театар, Битола** за претставата ***NOTRE FEMME DE PARIS*** од Јордан Плевнеш во режија на Владо Цветановски

1995 - **Драмски театар, Скопје** за претставата ***РОЗЕНКРАНЦ И ГИЛДЕНСТЕРН СЕ МРТВИ*** од Том Стопард во режија на Златко Славенски

1996 - **Народен театар, Битола** за претставата ***МАЈСТОРОТ И МАРГАРИТА*** од Михаил Булгаков, во драматизација и режија на Владо Цветановски

1997 - **Македонски народен театар, Скопје** за претставата ***М.М.Е. КОЈ ПРВ ПОЧНА*** од Дејан Дуковски во режија на Александар Поповски

1998 - **Народен театар „Војдан Чернодрински" Прилеп** за претставата ***ПОЛКОВНИКОТ ПТИЦА*** од Христо Бојчев, во режија на Владо Цветановски

1999 - **Театар на народностите – Турска драма, Скопје** за претставата ***ЛУДИОТ ИБРАХИМ*** од Ахмед Туран Офлазоглу, во режија на Владимир Милчин

2000 - **Народен театар, Битола** за претставата ***МАКЕДОНСКА КРВАВА СВАДБА*** од Војдан Чернодрински, во режија на Љупчо Ѓоргиевски

2001 - **Драмски театар, Скопје** за претставата ***ДИВО МЕСО*** од Горан Стефановски, во режија на Александар Поповски

2002 - **Народен театар, Битола** за претставата ***ПАРИТЕ СЕ ОТЕПУВАЧКА*** од Ристо Крле, во режија на Љупчо Ѓоргиевски

2003 - **Театар на народностите – Турска драма, Скопје** за претставата ***КУЌА НА ГРАНИЦА*** од Славомир Мрожек, во режија на Јуџел Ертен

2004 - **Независната театарска продукција на Бајруш Мјаку**, Скопје за претставата ***ТАТКО*** од Аугуст Стриндберг, во режија на Слободан Унковски

2005 - **Драмски театар, Скопје** за претставата ***ЛЕТ ВО МЕСТО*** од Горан Стефановски, во режија на Љупчо Ѓоргиевски

2006 - **Народен театар, Битола** за претставата ***ЖЕНИДБА*** од Николај Василевич Гогољ, во режија на Лилија Абаџиева

2007 - **Драмски театар Скопје** за претставата ***МАКЕДОНСКИ РУЛЕТ*** од Љубиша Георгиевски во режија на Сашо Миленковски

2008 - **Народен театар, Штип** за претставата ***БЕГАЛКА*** од Васил Иљоски во режија на Дејан Пројковски

2009 - **Народен театар „Војдан Чернодрински" Прилеп** за претставата ***ТАПАНИ ВО НОЌТА*** од Бертолт Брехт во режија на Мартин Кочовски

2010 - **Народен театар „Војдан Чернодрински" Прилеп** за претставата ***КАВКАСКИ КРУГ СО КРЕДА*** од Бертолт Брехт, во режија на Мартин Кочовски

2011 - **Драмски театар Скопје** за претставата ***ХАМЛЕТ*** од Вилијам Шекспир, во режија на Дејан Пројковски

2012 - **Драмски театар Скопје** за претставата ***ГЕНЕТИКА НА КУЧИЊАТА*** од Венко Андоновски во режија на Дејан Пројковски

2013 - **Народен театар „Војдан Чернодрински" Прилеп** за претставата ***ЗМЕЈОВА НЕВЕСТА*** според драмата на Димитар Г. Молеров, во режија на Нела Витошевиќ

2014 - **Македонски народен театар Скопје** за претставата ***ВЕЧНАТА КУЌА*** од Јордан Плевнеш, во режија на Дејан Пројковски



## НАГРАДА ЗА ТЕКСТ НА СОВРЕМЕНА ДРАМА

Добитник на гран при за 2001 г.
Драмски театар, Скопје -ДИВО МЕСО од Горан Стефановски, во режија на Александар Поповски

## СУДБИНА НА ДОМАШНАТА ДРАМА

Уште од 1965 година, иницијаторите и организаторите на Театарските игри „Војдан Чернодрински“ нагласувале дека една од приоритетните задачи на фестивалот треба да е перманентната грижа за домашната драматика/драматургија. Пишувана на македонски јазик, ама и на јазиците на театарската практика во државата: албанскиот и турскиот.

Во некои земји – поголеми и неспорно побогати од Македонија – стимулирање на националната драматика е една од детерминантите на културната политика. Посебно се стимулираат фестивалите кои се целосно посветени на домашното драмско творештво. Во протег на годините, и прилепскиот фестивал (кој, нели, името го добил по основоположникот на македонската драматика!) повеќепати настојувал некои од своите изданија да им ги посвети само на домашните драмски автори. Имало и предлози секое трето или четврто фестивалско издание да биде „резервирано“ за домашната драма. Обидите, главно, се покажале неуспешни.

Првиот добитник на наградата за текст на современа домашна драма (кој е нејзиниот службен назив) е прилепчанец **Миле Попоски**, кој во 1966 г. бил награден за комедијата ***Триста коли трње.*** Потоа наградата не се доделувала цели девет години. Најпосле ја добил **Бранко Пендовски** (1975) за две свои пиеси играни таа година (***Потоп*** и ***Измама).*** Дури шест години потоа, 1981 г., наградата пак се доделила – овој пат на **Томе Арсовски** и на неговата пиеса ***Скок преку кожа.*** Интересно е да се забележи дека ниту една од овие четири драми, наградени во текот на првите 16 фестивалски години, не успеала да го положи тестот на времето. Сите тројца драматичари денес ги паметиме по некои сосема други дела. Миле Попоски, бездруго, го паметиме по ***Солунските патрдии,*** една од најизведуваните пиеси во историјата на македонскиот театар, чијашто изведба 1980 година учествувала во компетицијата за наградите (продукција на Драмски театар, Скопје). Угледното жири, кое таа година одлучуваше за наградите, решило да не ја додели наградата за текст.

Истата одлука ја донело и жирито од 1982 година, кога во конкуренција за наградата за текст на современа домашна драма учествувале **Јордан Плевнеш** (со ***Еригон),*** **Горан Стефановски** (со ***Лет во место),*** **Бранко Варошлија** (со ***Габи),*** **Бранко Пендовски** (со ***Наследници)*** и **Ирфан Беќур** (со ***Мемет***).

Индикативен е (а можеби и загрижувачки) фактот дека наградата за текст на современа домашна драма е најнедоделуваната награда во историјата на фестивалот: не била доделена дури на 22 фестивали! На што укажува овој прост факт? Можеби на односот на македонските театри кон националната драматика?

Од 27 доделени награди за текст на современа домашна драма најмногу ги има добиено **Горан Стефановски**: 5. Стефановски е и најизведуваниот македонски автор во досегашната историја на прилепскиот фестивал: во официјалните и во придружните програми, неговите пиеси биле играни 42 пати. Вториот е **Дејан Дуковски** со 21 изведба. Третиот **Коле Чашуле** со 19 изведби (и со ниту една награда за драмски текст).

По три годишни награди за текст на современа домашна драма имаат **Јордан Плевнеш, Дејан Дуковски, Благоја Ристески – Платнар и Венко Андоновски.**

1966 - **Миле Попоски** за комедијата ***ТРИСТА КОЛИ ТРЊЕ***

1975 - **Бранко Пендовски** за драмата ***ПОТОП*** (продукција на МНТ, надвор од конкуренција) и ***ИЗМАМА*** (продукција на Народен театар, Штип)

1981 - **Томе Арсовски** за драмата ***СКОК ПРЕКУ КОЖА,*** Народен театар „Војдан Чернодрински“, Прилеп

1983 - **Горан Стефановски** за драмата ***ХАЈ-ФАЈ,*** Народен театар, Куманово

1985 - **Горан Стефановски** за драмата ***ДУПЛО ДНО,*** Драмски театар, Скопје

1986 - **Братислав Димитров** за драмата, ***ГЛОГОВИОТ ЏБУН***, Народен театар „Војдан Чернодрински“, Прилеп

1987 - **Горан Стефановски** за драмата ***ТЕТОВИРАНИ ДУШИ,*** Драмски театар, Скопје

1988 - **Митко Маџунков** за драмата ***СЕНКАТА,*** Народен театар „Антон Панов“, Струмица

1989 - **Благоја Ристески – Платнар** за драмата ***СПИРО ЦРНЕ,*** Народен театар „Војдан Чернодрински“, Прилеп

1990 - **Горан Стефановски** за драмата ***КУЛА ВАВИЛОНСКА,*** Драмски театар, Скопје

1991 - **Јордан Плевнеш** за драмата ***ПОДЗЕМНА РЕПУБЛИКА***, Народен театар, Битола

1992 - **Блаже Алексоски** за драмата ***КОЛОБАН***, Народен театар „Војдан Чернодрински“, Прилеп

1993 - **Дејан Дуковски** за драмата ***БАЛКАНОТ НЕ Е МРТОВ***, Народен театар, Битола

1994 - **Венко Андоновски** за драмата ***БУНТ ВО ДОМОТ ЗА СТАРЦИ,*** Македонски народен театар, Скопје

1995 - **Дејан Дуковски** за драмата ***БУРЕ БАРУТ,*** Македонски народен театар, Скопје

1996 - **Благоја Ристески – Платнар** за драмата ***ЛЕПА АНГЕЛИНА,*** Македонски народен театар, Скопје

1997 - **Јордан Плевнеш** за драмата ***СРЕЌАТА Е НОВА ИДЕЈА ВО ЕВРОПА,*** Драмски театар, Скопје

2000 - **Југослав Петровски** за драмата ***ЕЛЕШНИК,*** Народен театар „Јордан Хаџи Константинов – Џинот“, Велес

2001 - **Венко Андоновски** за драмата ***КАНДИД ВО ЗЕМЈАТА НА ЧУДАТА,*** Драмски театар, Скопје

2004 - **Благоја Ристески – Платнар** за драмата ***ЛЕТНИ СИЛЈАНЕ***, Народен театар „Војдан Чернодрински“ Прилеп.

2005 - **Дејан Дуковски** за драмата ***ДРУГА СТРАНА***, ФУТУРА 2/2 и Драмски театар, Скопје

2007 - **Авни Халими** за драмата ***ЛАВИРИНТИТЕ НА СЕЌАВАЊЕТО,*** Албански театар, Скопје

2009 - **Венко Андоновски** за драмата ***КИНЕГОНДА ВО КАРЛАЛЕНД,*** Драмски театар, Скопје

2010 - **Горан Стефановски** за драмата ***БАХАНАЛИИ,*** Народен театар „Јордан Хаџи Константинов – Џинот“ Велес

2011 - **Гоце Смилевски** за драмата ***СПИНОЗА,*** Мал драмски театар, Битола

2013 - **Братислав Димитров** за драмата ***НОЌИТЕ ВО БЕЛ САТЕН,*** Народен театар „Јордан Хаџи Константинов – Џинот“ Велес

2014 - **Јордан Плевнеш** за драмата ***ВЕЧНАТА КУЌА,*** Македонски народен театар, Скопје



# НАГРАДА ЗА РЕЖИЈА

Добитник на гран при за 2002 г.
Народен театар, Битола - ПАРИТЕ СЕ ОТЕПУВАЧКА од Ристо Крле, во режија на Љупчо Ѓоргиевски

## МАКЕДОНСКИОТ РЕЖИСЕРСКИ ТЕАТАР

Дека македонските театарџии консеквентно го почитуваат принципот (кој, можеби е и мит?) за апсолутната супремација на режисерот како доминантен автор на театарското уметничко дело покажува – чинам – и податокот за најдоследното доделување токму на награда за режија. Тоа е единствената награда (со исклучок на актерските) која е доделена на сите досегашни фестивали. Со исклучок на еден.

Имено, само во 1978 година, кога во конкуренција за наградите, меѓу другите, учествувале сите четворица најекспонирани (во тој миг) македонски режисери во полна творечка сила – Љубиша Георгиевски, Владимир Милчин, Слободан Унковски и Бранко Ставрев – жирито одлучува наградата да не се додели на ниту еден од нив! Заради мирот во куќата?

Читана отпосле, од денешната 37-годишна дистанца, оваа одлука најверојатно изгледа уште побизарно отколку што изгледала во 1978 г. Имено, денес ја знаеме театарската судбина на претставите со кои спомнатите четворица режисери биле во компетиција за наградите: Георгиевски со ***Црнила*** од Коле Чашуле (која е една од неговите најдобри режии на оваа пиеса: антологиска изведба на Драмскиот театар, Скопје); Милчин со ***Големата вода*** (режирана според неговата драматизација на романот од Живко Чинго), Унковски со ***Време за пеење*** од Петре М. Андреевски (продукција на Народен театар, Битола), Ставрев со ***Женидба*** од Гогољ (продукција на Народен театар „Антон Панов“ Струмица).

Најнаградуваниот македонски режисер на досегашните 49 фестивали е **Владимир Милчин** кој има вкупно 8 годишни награди за режија, од кои една (онаа од 1979 година), му била доделена за режиите на две претстави: ***Обесеник*** од Борислав Пекиќ, продукција на МНТ и ***Хасанагиница*** од Љубомир Симовиќ, продукција на Турската драма на Театарот на народностите). Последната награда за режија Милчин ја има добиено 2003 година (за исклучителната битолска претстава ***Колку пати ќе умираме,*** театрализирана – со поддршка на моќната музика на Марјан Неќак – по романот на Петре М. Андреевски ***Небесна Тимјанова).***

Седум награди за режија има **Бранко Ставрев,** чии претстави на фестивалот доминираат помеѓу 1969 и 1980/1981 година.

По 4 награди за режија имаат **Љупчо Ѓоргиевски** и **Дејан Пројковски**.

**Ѓоргиевски** наградите ги добил за својот луциден циклус „рециклирани“ битови пиеси (***Бегалка,*** 1995; ***Македонска крвава свадба,*** 2000, ***Парите се отепувачка,*** 2002 – сите во продукција на Битолскиот театар) и за инвентивниот прочит на ***Лет во место*** од Горан Стефановски (2005, Драмски театар).

**Пројковски** првпат е награден за своето деконструкциско читање на ***Бегалка*** (Штипски театар, 2008), а потоа за трите амбициозни мегапроекти реализирани најпрвин во Драмски театар (***Хамлет,*** 2011 и ***Генетика на кучињата,*** 2012) а потоа и на **големата сцена на новиот Македонски народен театар** (***Вечната куќа,*** **2014).**

Четворица македонски режисери имаат по 3 награди за режија: **Љубиша Георгиевски** (1966, 1990, 1994), **Душан Наумовски** (1973, 1976, 1983), **Слободан Унковски** (1985, 1992, 2004) и **Владо Цветановски** (1991, 1996, 1999). Љубиша Георгиевски е единствениот режисер кој двапати ја добива оваа награда за режија на истиот текст – ***Хамлет.***

По 2 награди за режија, досега, добиле **Сашо Миленковски** (1993, 2007), **Александар Поповски** (1997, 2001) и **Мартин Кочовски** (2009, 2010).



1965 - **Благоја Дамески** за претставата ***БАНОВИЌ СТРАХИЊА*** од Борислав Михајловиќ-Михиз; продукција на Народен театар „Војдан Чернодрински” Прилеп

**Кемал Лила** за претставата ***ЧУДАК*** од Назим Хикмет, Театар на народностите - Турска драма, Скопје

1966 - **Љубиша Георгиевски** за претставата ***ХАМЛЕТ*** од Вилијам Шекспир, Народен театар, Битола

1967 - **Димитар Христов** за претставата ***РАЗБОЈНИЦИ*** од Фридрих Шилер, Народен театар, Битола

1968 - **Благоја Андреев** за претставата ***ВУЈКО ВАЊА*** од Антон Павлович Чехов, Народен театар, Куманово

1969 - **Бранко Ставрев** за претставата ***СМЕА НИЗ СОКАЦИТЕ,*** Народен театар „Антон Панов“, Струмица

1970 - **Бранко Ставрев** за претставата ***ТРАМВАЈ НАРЕЧЕН ЖЕЛБА***, Народен театар „Антон Панов“, Струмица

1971 - **Ацо Алексов** за претставата ***СИТЕ МОИ СИНОВИ*** од Артур Милер, Народен театар, Куманово

1972 - **Бранко Ставрев** за претставата ***ТУТУНСКИОТ ПАТ*** од Калдвел и Киркланд, Народен театар „Антон Панов“, Струмица

1973 - **Душко Наумовски** за ***ЈУНОНА И ПАУНОТ*** од Шон О'Кејси, Народен театар, Куманово

1975 - **Бранко Ставрев** за претставата ***ВЕКУТУМА ВЕКА ИЛИ ЖИТИЕ АДАМОВО*** според текстовите на Марко Цепенков, Народен театар „Антон Панов“, Струмица

1976 - **Душко Наумовски** за претставата ***СОБЛАЗНА ВО ШЕНТФЛОРИЈАНСКАТА ДОЛИНА*** од Иван Цанкар, Народен театар „Антон Панов“, Струмица Народен театар, Струмица

1977 - **Бранко Ставрев** за претставата ***ГОЛЕМАТА НАГРАДА*** од Хектор Кинтеро, Народен театар „Антон Панов“, Струмица

1979 - **Владимир Милчин** за претставите ***ОБЕСЕНИК*** од Борислав Пекиќ, Македонски народен театар и ***ХАСАНАГИНИЦА*** од Љубомир Симовиќ, Театар на народностите — Турска драма, Скопје

1980 - **Бранко Ставрев** за претставата ***ЖЕНИДБА*** од Н.В. Гогољ, Македонски народен театар, Скопје и **Владимир Милчин** за претставата ***СВЕЧЕНАТА ВЕЧЕРА ВО ПОГРЕБНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ*** од Иво Брешан, Народен театар, Битола

1981 - **Бранко Ставрев** за претставата ***ЗЛОСТОРСТВО И КАЗНА*** од Ф. М. Достоевски, Театар на народносите — Турска драма, Скопје

1982 - **Владимир Милчин** за претставата ***ПИРЕЈ*** од Петре М. Андреевски, Народен театар, Битола

1983 - **Душан Наумовски** за претставата ***ЈАС, ХАЛИЛ ГАРИЈА*** од Беќар Муслиу, Театар на народностите - Албанска драма, Скопје)

1984 - **Владимир Милчин** за претставата ***НАТЕМАГО НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ*** од Иво Брешан, Народен театар, Битола

1985 - **Слободан Унковски** за претставата ***СРЕЌНА НОВА `49*** од Гордан Михиќ, Македонски народен театар, Скопје

1986 - **Стојан Стојановски** за претставата ***БЛЕДИЦА*** од Васе Манчев, Народен театар „Антон Панов“, Струмица

1987 - **Владимир Милчин** за претставата ***КАЛУЃЕРИЧКИ ТИШИНИ*** од Слободан Шнајдер, Народен театар, Битола

1988 - **Бранко Брезовец** за претставата ***ЦРНА ДУПКА*** од Горан Стефановски, Народен театар, Битола

1989 - **Владимир Милчин** за претставата ***СПИРО ЦРНЕ*** од Благоја Ристески – Платнар, Народен театар „Војдан Чернодрински“, Прилеп

1990 - **Љубиша Георгиевски** за претставата ***ХАМЛЕТ*** од Вилијам Шекспир, Народен театар, Битола

1991 - **Владо Цветановски** за претставата ***ПОДЗЕМНА РЕПУБЛИКА*** од Јордан Плевнеш, Народен театар, Битола

Специјална награда за режија:

**Рахим Бурхан** за претставата ***РИЧАРД ТРЕТИ*** од Вилијам Шекспир, Македонски народен театар Скопје

1992 - **Слободан Унковски** за претставата ***ЧЕРНОДРИНСКИ СЕ ВРАЌА ДОМА,*** Драмски театар, Скопје

1993 - **Сашо Миленковски** за претставата ***GAME OVER/ГЕЈМ ОВЕР,*** Народен театар, Куманово

1994 - **Љубиша Георгиевски** за претставата ***ЦРНИЛА РИВАЈВЛ*** од Коле Чашуле, Народен театар, Куманово

1995 - **Љупчо Ѓоргиевски** за претставата ***БЕГАЛКА*** од Васил Иљоски, Народен театар, Битола

1996 - **Владо Цветановски** за претставата ***МАЈСТОРОТ И МАРГАРИТА*** од Михаил Булгаков, Народен театар, Битола

1997 - **Александар Поповски** за претставата ***М.М.Е. КОЈ ПРВ ПОЧНА*** од Дејан Дуковски, Македонски народен театар, Скопје

1998 - **Владимир Милчин** за претставата ***КОСКИТЕ ШТО ДОАЃААТ ДОЦНА*** од Теки Дервиши, Театар на народностите – Албанска драма, Скопје

1999 - **Владо Цветановски** за претставата ***ХАМЛЕТ*** од Вилијам Шекспир, Драмски театар, Скопје

2000 - **Љупчо Ѓоргиевски** за претставата ***МАКЕДОНСКА КРВАВА СВАДБА*** од Војдан Чернодрински, Народен театар, Битола

2001 - **Александар Поповски** за претставата ***ДИВО МЕСО*** од Горан Стефановски, Драмски театар, Скопје

2002 - **Љупчо Ѓоргиевски** за претставата ***ПАРИТЕ СЕ ОТЕПУВАЧКА*** од Ристо Крле, Народен театар, Битола

2003 - **Владимир Милчин** за претставата ***КОЛКУ ПАТИ ЌЕ УМИРАМЕ*** од Петре М. Андреевски, Народен театар Битола

2004 - **Слободан Унковски** за претставата ***ТАТКО,*** Независен проект на Бајруш Мјаку, Скопје

2005 - **Љупчо Ѓоргиевски** за претставата ***ЛЕТ ВО МЕСТО*** од Дејан Дуковски, Драмски театар, Скопје

2006 - **Лилија Абаџиева** за претставата ***ЖЕНИДБА*** од Николај Василевич Гогољ, Народен театар, Битола

2007 - **Сашо Миленковски** за претставата ***МАКЕДОНСКИ РУЛЕТ*** од Љубиша Георгиевски, Драмски театар, Скопје

2008 - **Дејан Пројковски** за претставата ***БЕГАЛКА*** од Васил Иљоски, Народен театар, Штип

2009 - **Мартин Кочовски** за претставата ***ТАПАНИ ВО НОЌТА*** од Бертолт Брехт, Народен театар „Војдан Чернодрински“ Прилеп

2010 - **Мартин Кочовски** за претставата ***КАВКАСКИ КРУГ СО КРЕДА,*** Народен театар „Војдан Чернодрински“ Прилеп

2011 - **Дејан Пројковски** за претставата ***ХАМЛЕТ*** од Вилијам Шекспир, Драмски театар, Скопје

2012 - **Дејан Пројковски** за претставата ***ГЕНЕТИКА НА КУЧИЊАТА*** од Венко Андоновски, Драмски театар Скопје

2013 - **Нела Витошевиќ** за претставата ***ЗМЕЈОВА НЕВЕСТА*** според драмата на Димитар Г. Молеров, Народен театар „Војдан Чернодрински“ Прилеп

2014 - **Дејан Пројковски** за претставата ***ВЕЧНАТА КУЌА*** од Јордан Плевнеш, Македонски народен театар, Скопје



# НАГРАДА ЗА СЦЕНСКА АДАПТАЦИЈА/ ДРАМАТИЗАЦИЈА

Добитник на гран при за 2003 г.
Театар на народностите – Турска драма, Скопје - КУЌА НА ГРАНИЦА
од Славомир Морожек, во режија на Јуџел Ертен

Наградата за драматизација и/или за сценска адаптација стана една од официјалните фестивалски награди дури 1987 година, на 22. издание на Театарските игри „Војдан Чернодрински“.

Нејзиното воведување е резултат (или, можеби, „последица“) на постапно менување на односнот кон текстот, како една од доминантните авторски постапки на модернизмот. И, особено, на постмодерната, која во македонскиот театар влегува инцидентно и внимателно речиси до ден-денес – кога европските постмодерни возови возат (само) како носталгични реминисценции.

Во текот на изминативе дваесет и седум години, колку што поминале помеѓу 1987 (кога ја има добиено прозаистот Митко Маџунков) и 2014 г., кога, вторпат по ред, ја доби драматургот **Викторија Рангелова** (за сценската адаптација на фамозниот роман на Џорџ Орвел ***1984***), наградата е доделена точно 15 пати.

Интересно е дека двапати ја има добиено режисерот **Љубиша Георгиевски**, еднаш за својата радикална (типично постмодернистичка) адаптација на ***Хамлет,*** а вторпат за театрализацијата на мотивите од ***Пасквелија*** на Живко Чинго (со која Георгиевски интензивно се занимава речиси половина живот).

Двапати наградата ја доби и **Бранко Брезовец,** хрватскиот режисер со јака македонска афилијација и силна наклонетост кон постмодернистичката театарска поетика: во 1995 г. за адаптацијата на Брехтовиот ***Баал*** (инаку една од најуспешните претстави во историјата на денешниот Албански театар) и во 2000 г. за просто ингениозната транспозиција на класичната битова пиеса ***Печалбари*** од Антон Панов која, со исклучителната музичка поддршка на Марјан Нећак, била престорена во хиперкомуникативен „случај“ на современ музички театар.

1987 - **Митко Маџунков** за сценска адаптација на мотивите од сопствената книга раскази ***УБИЈ ГО ЗБОРЛИВОТО КУЧЕ*** и нивното транспонирање во текстот на претставта ***ГОЛЕМИОТ СМОК,*** Народен театар „Антон Панов“ Струмица

1990 - **Љубиша Георгиевски** за сценска адаптацијата на ***ХАМЛЕТ*** од Вилијам Шекспир, Народен театар, Битола

1992 - **Горан Тренчовски** за текстот на претставата ***ЗВУЧНИ СЛИКИ,*** Народен театар „Антон Панов“ Струмица

1995 - **Бранко Брезовец** за сценска адаптација на драмата ***БААЛ*** од Бертолт Брехт, Театар на народностите – Албанска драма, Скопје

1996 - **Владо Цветановски**, за сценска адаптација на романот на Михаил Булгаков „Мајстор и Маргарита“ и неговото транспонирање на текстот на претставата со ист наслов

1997 - **Љубиша Георгиевски** и **Томислав Спасовски** за сценска адаптација на мотивите од расказите на Живко Чинго и нивното транспонирање во текстот на претстава ***ЛАЗАРЕВОТО ПИСМО,*** Народен театар, Куманово

1999 - **Бранко Ставрев** за сценска адаптација на романот ***ПОСЛЕДНИТЕ СЕЛАНИ*** од Петре М. Андреевски, Народен театар, Битола

2000 - **Бранко Брезовец** за сценска адаптацијата на драмата ***ПЕЧАЛБАРИ*** од Антон Панов, Народен театар, Битола

2001 - **Владимир Костов** и **Љупчо Ѓоргиевски** за текстот на претставата ***ЦРКВИЧЕТО 40 МАЧЕНИЦИ ВО БИТОЛА,*** Народен театар, Битола

2004 - **Венко Андоновски** за драматизација на романот ***ПАПОКОТ НА СЦЕТОТ*** и неговото транспонирање во текстот на претставата со ист наслов, Македонски народен театар, Скопје

2008 - **Трајче Крстевски** за сценска адаптација на романот ***ЖЕЛЕЗНИОТ СВЕТИЛНИК*** од Димитар Талев и неговата транспозиција во текстот на претставата ***СВЕТИЛНИКОТ,*** Народен театар „Војдан Чернодрински“ Прилеп

2009 - **Ентон Каца** за сценска адаптација на мотивите транспонирани во текстот на претставата ***АЛБАНСКИ НОЌИ,*** Албански театар, Скопје

2010 - **Андреј Хинг** за драматизација/сценска адаптација на романот ***БРАЌА КАРАМАЗОВИ*** од Фјодор Михајлович Достоевски**,** Народен театар, Битола

2012 - **Деан Дамјановски** за адаптација на расказите од збирката ***1001 НОЌ*** и нивното транспонирање во текстот на претставата ***ПРИКАЗНА ЗА ШЕХЕРЕЗАДА И ШАХРИЈАР,*** Турски театар, Скопје

2013 - **Викторија Рангелова** за сценска адаптација на мотивите од драмите на Вилијам Шекспир и нивното транспонирање на текстот на претставата ***ШЕКСПИР ВО ПРИКАЗНИ,*** Турски театар, Скопје

2014 - **Викторија Рангелова** за сценска адаптација на романот ***1984*** од Џорџ Орвел, Народен театар „Антон Панов“ Струмица



НАГРАДА ЗА СЦЕНОГРАФИЈА

Добитник на гран при за 2004 г.
Независната театарска продукција на Бајруш Мјаку, Скопје - ТАТКО
од Аугуст Стриндберг, во режија на Слободан Унковски

Веќе од своите институционални почетоци, македонскиот театар имал голема среќа визуелните компоненти на неговите претстави да ги обликуваат сценографите и костимографите од исклучителен формат. На таа иницијална, денес легендарна генерација, која критериумите за визуелното обликување на претставите ги крева до височините на кои ниту небото не им е граница, ѝ припаѓаат великаните: Никола Мартиновски (1903-1973 ), Тома Владимирски (1904-1971) и Василие Поповиќ-Цицо (1914-1963).

Нивниот директен ученик, кој кариерата ја започнува како сликар-изведувач во нивните претстави е **Бранко Костовски** (1924-1994), најпродуктивниот и (можеби) најинтуитивниот/„најзадлабочениот“ сценограф во досегашната историја на македонскиот театар, кој целиот работен век го поминал во скопскиот МНТ, суштествено ја маркирал македонската сценографија и оставил трага што не исчезнува. Имав голема чест лично да го познавам Бранко Костовски и повеќе години со него пријателски да муабетам за театарот, за сликарството, за уметноста воопшто...

По **Костовски** и уште неколкумина припадници на неговата „меѓугенерација“ македонски сценографи (Петар Ангеловски, Чедо Христов, Менде Ивановски...), театарските сцени во земјава на јуриш ја освои генерацијата денешни успешни сценографи: децентниот и висококултивираниот Владимир Георгиевски, хиперактивниот (речиси незапирлив!) Валентин Светозарев, упорниот Крсте С. Цидров, „минималистичкиот“ Владо Ѓоревски...

Од 47 досегашни награди за сценографија, доделени на прилепскиот фестивал, најмногу ги има добиено **Валентин Светозарев** – вкупно 9, од кои 3 за сценографиите кои ги правел со **Владо Ѓоревски.** Самиот Ѓоревски има добиено вкупно 6 награди, меѓу кои се и оние исти 3 добиени за сценографиите правени со Светозарев. Пак, 6 фестивалски награди за сценографија има добиено и **Крсте С. Цидров** (една од нив за сценографијата реализирана со Симеон Узуновски).

Големиот македонски сликар **Владимир Георгиевски**, кој театарот го доживува како интимен предизвик и со години работи како сценограф и/или костимограф, има добиено 2 фестивалски награди за сценографија. Една од нив ја добил 1995 г., за незаборавната сценографија за претставата ***Розенкранц и Гилденстерн се мртви*** од Том Стопард.

1966 - **Петар Ангеловски** за претставата ***ХАМЛЕТ*** од Вилијам Шекспир, Народен театар, Битола

1967 - **Петар Ангеловски** за претставата ***РАЗБОЈНИЦИ*** од Фридрих Шилер, Народен театар, Битола

1968 - **Васил Костов** за претставата ***БАЛАДА ЗА ОРКАНАТА*** од Видое Видичевски, Народен театар, Прилеп

1969 - **Чедо Христов** за претставата ***СМЕА НИЗ СОКАЦИТЕ*** од Киро Урдин, Народен театар, Струмица

1970 - **Васил Костов** за претставата ***ОД ГЛААТА СИ ПАТИМЕ,*** Народен театар „Војдан Чернодрински“, Прилеп

1971 - **Менде Ивановски** за претставата ***СИТЕ МОИ СИНОВИ*** од Артур Милер**,** Народен театар, Куманово

1972 - **Чедо Христов** за ***ТУТУНСКИОТ ПАТ*** на Калдвел и Киркланд, Народен театар „Антон Панов“ Струмица

1973 - **Драган Биков** за претставата ***СЕДУМТЕМИНА*** од Волис Хол, Народен театар, Штип

1975 - **Панче Минов** за претставата ***МЛАДИ СИНОВИ*** од Васил Иљоски, Народен театар, Куманово

1976 - **Велизар Србљановиќ** за претставата ***ДЕРВИШОТ И СМРТТА*** од Меша Селимовиќ, драматизација на Борислав Михајловиќ – Михиз, Театар на народностите – Турска драма, Скопје

1977 - **Чедо Христов** во претставите ***СМРТТА НА ТРГОВСКИОТ ПАТНИК*** од Артур Милер, Народен театар „Војдан Чернодрински“ Прилеп и за ***ГОЛЕМАТА НАГРАДА*** од Хектор Кинтеро, Народен театар „Антон Панов“ Струмица

1978 - **Костадин Канчев** за претставата ***ПУСТИНА*** од Георги Абаџиев и Борко Зафировски, Народен театар, Куманово

1979 - **Бранко Костовски** за претставата ***ХАСАНАГИНИЦА*** од Љубомир Симовиќ, Театар на народностите – Турска драма, Скопје

1980 - **Чедо Христов** за претставата ***И АДАМ И ЕВА*** од Цепенков-Ставрев, Народен театар, Прилеп

1981 - **Бранко Костовски** за претставата ***БРКОТНИЦА*** од Лев Берински, Драмски театар, Скопје

1982 - **Бранко Костовски** за претставата ***ПИРЕЈ*** од Петре М. Андреевски, Народен театар, Битола

1983 - **Чедо Христов** за **претставата *ЈАС, ХАЛИЛ ГАРИЈА*** од Беќар Муслиу, Театар на народностите – Албанска драма, Скопје

1984 - **Крсте С. Цидров** и **Симеон Узуновски** за претставите ***НАТЕМАГО НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ*** од Иво Брешан, Народен театар, Битола и ***ПАХИНТИКА ВО СОН*** од Џабир Ахмети, Театар на народностите – Албанска драма, Скопје

1986 - **Бјанка Аџиќ-Урсулов** за претставата ***МАГНА КАРТА*** од Марио Роси, Народен театар, Битола

1987 - **Крсте С. Цидров** за претставата ***КАЛУЃЕРИЧКИ ТИШИНИ*** од Слободан Шнајдер, Народен театар, Битола

1988 - **Валентин Светозарев** за претставата ***ЦРНА ДУПКА*** од Горан Стефановски, Народен театар, Битола

1989 - **Крсте С. Цидров** за претставата ***СПИРО ЦРНЕ*** од Благоја Ристески – Платнар, Народен театар „Војдан Чернодрински" Прилеп

1990 - **Тихомир Миловац** за претставата ***ТАИНСТВЕНИ СЕДЕНКИ*** од Никола Шоп, Театар на народностите – Албанска драма, Скопје

1991 - **Валентин Светозрев** и **Владо Ѓоревски** за претставата ***ПОДЗЕМНА РЕПУБЛИКА*** од Јордан Плевнеш, Народен театар, Битола

1992 - **Владимир Георгиевски** за претставата ***СТАРИ ФОТОГРАФИИ*** од Динчер Сумер, Театар на народностите – Турска драма, Скопје

1993 - **Крсте С. Цидров** за претставата ***ЖЕНСКИ ПРИЛОГ ЗА НОЌТА*** од Блаже Миневски, Македонски народен театар, Скопје

1994 - **Владо Ѓоревски** и **Валентин Светозарев** за претставата ***NOTRE FEMME DE PARIS*** од Јордан Плевнеш, Народен театар, Битола

**Љупчо Хаџи Стојанов** за претставата ***ЦРНИЛА РИВАЈВЛ*** од Коле Чашуле, Народен театар, Куманово

1995 - **Владимир Георгиевски** за претставата ***РОЗЕНКРАНЦ И ГИЛДЕНСТЕРН СЕ МРТВИ*** од Том Стопард, Драмски театар Скопје

1996 - **Владо Ѓоревски и Валентин Светозарев** за претставата ***МАЈСТОРОТ И МАРГАРИТА*** од Михаил Булгаков, Народен театар Битола

1997 - **Ангелина Атлагиќ** за претставата ***М.М.Е. КОЈ ПРВ ПОЧНА*** од Дејан Дуковски, Македонски народен театар, Скопје

1998 - **Владо Ѓоревски** и **Валентин Светозарев** за претставата ***ПОЛКОВНИКОТ ПТИЦА*** од Христо Бојчев, Народен театар „Војдан Чернодрински" Прилеп и ***КАЗАБАЛКАН*** од Горан Стефановски, Народен театар, Битола

1999 - **Валентин Светозарев** за претставата ***МАЧКА НА ВЖЕШТЕНИОТ ЛИМЕН ПОКРИВ*** од Тенеси Вилијамс, Народен театар, Битола

2000 - **Владимир Ризев** за претставата ***ПЕЧАЛБАРИ*** од Антон Панов, Народен театар, Битола



2001 - **Валентин Светозарев** за претставата ***ЦРКВИЧЕТО 40 МАЧЕНИЦИ ВО БИТОЛА*** од Владимир Костов и Љупчо Ѓоргиевски, Народен театар, Битола

2002 - **Елена Иванова** за претставата ***ОПЕРАЦИЈА ЛИР*** од Владимир Плавевски, Народен театар „Антон Панов" Струмица

2003 - **Крсте С. Цидров** за претставата ***КОЛКУ ПАТИ ЌЕ УМИРАМЕ*** од Петре М. Андреевски, Народен театар, Битола

2004 - **Благој Мицевски** за претставата ***ТАТКО*** од Аугуст Стриндберг, Независен проект на Бајруш Мјаку, Скопје

2005 - **Крсте С. Цидров** за претставата ***ВИШНОВАТА ГРАДИНКА*** од Алексеј Слаповски, Народен театар, Куманово

2006 - **Владо Ѓоревски** за претставата ***РОБЕРТО ЗУКО*** од Бернар-Мари Колтес, Народен театар „Војдан Чернодрински" Прилеп

2007 - **Тихомир Спировски** за претставата ***МАКЕДОНСКИ РУЛЕТ*** од Љубиша Георгиевски, Драмски театар, Скопје

2008 - **Владо Ѓоревски** за претставата ***БЕГАЛКА*** од Васил Иљоски, Народен театар, Штип

2009 - **Тихомир Спировски** за претставата ***ТЕТОВИРАНИ ДУШИ*** од Горан Стефановски, Народен театар, Куманово

2010 - **Јулија Бојкова-Најман и Филип Јовановски** за претставата ***КАВКАСКИ КРУГ СО КРЕДА*** од Бертолт Брехт, Народен театар „Војдан Чернодрински" Прилеп

2011 - **Валентин Светозарев** за претставата ***ХАМЛЕТ*** од Вилијам Шекспир, Драмски театар, Скопје

2012 - **Кирил Василев** за претставата ***ПРИКАЗНА ЗА ШЕХЕРЕЗАДА И ШАХРИЈАР,*** според приказните од 1001 ноќ, Турски театар, Скопје

2013 - **Валентин Светозарев** за претставата ***ТРАВНИЧКА ХРОНИКА*** според романот на Иво Андриќ, Народен театар, Битола

2014 - **Валентин Светозарев** за претставата ***ВЕЧНАТА КУЌА,*** од Јордан Плевнеш, Македонски народен театар, Скопје



## НАГРАДА ЗА КОСТИМОГРАФИЈА

Добитник на гран при за 2005 г.
Драмски театар, Скопје -ЛЕТ ВО МЕСТО од Горан Стефановски, во режија на Љупчо Ѓоргиевски

Една од „најдолговечните“ фестивалски награди, награда за костимографија, првпат е доделена 1967 година. Ја доби битолскиот костимограф **Сотир Наумовски** за претставата ***Разбојници*** од Фридрих Шилер, од која, за жал, не е сочувана ниту една единствена фотографија. Ниту плакат, ништо!

Сотир Наумовски наградата за костимографија ја има добиено уште 3 пати (1968, 1973, 1975), секогаш за претставите на Битолскиот театар каде што токму тој ги постави сè уште важечките високи стандарди во креирањето и во изведбата на сценската облека.

Некој вид симболичко лидерство во костимографската бранша потоа го „презема“ **Елена Дончева**, долгогодишната костимографка на Македонскиот народен театар, првата дама на македонската костимографија, сопственичка на дури 11 прилепски фестивалски награди (1979, 1980, 1982, 1984, 1985, 1986, 1989, 1991, 1992, 1995, 2012).

Ист број награди – неверојатните 11 – има и битолскиот костимограф **Благој Мицевски**, неформалниот лидер на костимографската генерација која дојде по Елена Дончева, сè уште активна и еднакво креативна.

Со Мицевски и неговата генерација, македонската костимографија како да навлегува во фаза на извесна хроматска воздржаност и нагласена функционалност (ако претходната фаза, која симболички ја предводеше Дончева, ја определиме како фаза на нагласеноста на симболиката, дури и орнаментиката). Костимографите од рецентната генерација – меѓу кои се и наградуваните **Мери Георгиевска** и **Марија Пупучевска,** и двете со по две фестивалски награди, како да покажуваат се поголем афинитет кон „поедноставувањето“ на сценскиот костим и неговото „симболичко“ сведување на „втората кожа“ на актерот.

1967 - **Сотир Наумовски** за претставата ***РАЗБОЈНИЦИ*** од Фридрих Шилер, Народен театар, Битола

1968 - **Сотир Наумовски** за претставата ***КОЈ СЕ ПЛАШИ ОД ВИРЏИНИЈА ВУЛФ*** од Едвард Олби, Народен театар, Битола

1969 - **Блажо Киров** за претставата ***СМЕА НИЗ СОКАЦИТЕ*** од Кочо Урдин, Народен театар „Антон Панов“ Струмица

1970 - **Рада Петрова-Малкиќ** за претставата ***МАТУРАНТИ*** од Жозе Андре Лакур, Народен театар, Куманово

1972 - **Јелена Патрногиќ** за претставата ***ЦЕНА*** од Артур Милер, Народен театар, Куманово

1973 - **Сотир Наумовски** за претставата ***САМОУБИЕЦ*** од Николај Ердман, Народен театар, Битола

1975 - **Сотир Наумовски** за претставата ***ЦРНИЛА*** од Коле Чашуле, Народен театар, Битола

1976 - **Јелена Патрногиќ** за претставата ***ДЕРВИШОТ И СМРТТА*** од Меша Селимовиќ, драматизација на Борислав Михајловиќ – Михиз, Театар на народностите – Турска драма, Скопје

1979 - **Елена Дончева** за претставата ***ХАСАНАГИНИЦА*** од Љубомир Симовиќ, Театар на народностите – Турска драма, Скопје

1980 - **Елена Дончева** за претставата ***СОЛУНСКИ ПАТРДИИ*** од Миле Попоски, Драмски театар, Скопје

1981 - **Исмаил Рама** за претставата ***УКРОТИТЕЛ НА ЛУЃЕ СО СМАРАГДНИ ОЧИ*** од Теки Дервиши, Театар на народностите – Албанска драма, Скопје

1982 - **Елена Дончева** за претставата ***ПИРЕЈ*** од Петре М. Андреевски, Народен театар, Битола

1983 - **Рада Петрова-Малкиќ** за претставите ***МАКАВЕЈСКИТЕ ПРАЗНИЦИ*** од Живко Чинго, Македонски народен театар, Скопје и ***АНТИГОНА*** од Софокле, Народен театар „Војдан Чернодрински“ Прилеп

1984 - **Елена Дончева** за претставата ***ПАХИНТИКА ВО СОН*** од Џабир Ахмети, Театар на народностите – Албанска драма, Скопје

1985 - **Елена Дончева** за претставата ***СОНОТ НА ЛЕТНАТА НОЌ*** од Вилијам Шекспир, Народен театар, Битола

1986 - **Елена Дончева** за претставите ***ЦРНИОТ ЗЕКА ПАТУВА ВО ВАВИЛОН*** од Фадил Хисај, Театар на народностите – Албанска драма, Скопје и за ***ПИПА – РИТАМ*** од Владимир Плавевски, Театар на народностите – Турска драма, Скопје

1987 - **Ѓорѓи Здравев** за претставата ***НИШТО БЕЗ ТРИФОЛИО*** од Русомир Богдановски, Македонски народен театар, Скопје

1989 - **Елена Дончева** за претставата ***ЗАБУНИ*** од Вилијам Шекспир, Македонски народен театар, Скопје

1990 - **Мери Георгиевска-Јовановска** за претставата ***ХАМЛЕТ*** од Вилијам Шекспир, Народен театар, Битола

1991 - **Елена Дончева** за претставата ***РИЧАРД ТРЕТИ*** од Вилијам Шекспир, Македонски народен театар, Скопје

1992 - **Елена Дончева** за претставата ***НАЖАЛЕНА ФАМИЛИЈА*** од Бранислав Нушиќ, Народен театар „Јордан Хаџи Константинов – Џинот“, Велес

1993 - **Благој Мицевски** за претставата ***ЖЕНСКИ ПРИЛОГ ЗА НОЌТА*** од Блаже Миневски, Македонски народен театар, Скопје

1994 - **Благој Мицевски** за претставата ***NOTRE FEMME DE PARIS*** од Јордан Плевнеш, Народен театар, Битола

1995 - **Елена Дончева** за претставите ***РОЗЕНКРАНЦ И ГИЛДЕНСТЕРН СЕ МРТВИ*** од Том Стопард, Драмски театар, Скопје и ***КРАЛОТ ХАМЛЕТ*** од Станислав Виткјевич - Владимир Плавевски, Театар на народностите – Турска драма, Скопје

1996 - **Благој Мицевски** за претставата ***МАЈСТОРОТ И МАРГАРИТА*** од Михаил Булгаков, Народен театар Битола

1997 - **Ангелина Атлагиќ** за претставата ***М.М.Е. КОЈ ПРВ ПОЧНА*** од Дејан Дуковски, Македонски народен театар, Скопје

1998 - **Благој Мицевски** за претставата ***ПОЛКОВНИКОТ ПТИЦА*** од Христо Бојчев, Народен театар „Војдан Чернодрински“ Прилеп и ***КОСКИТЕ ШТО ДОАЃААТ ДОЦНА*** од Теки Дервиши, Театар на народностите – Албанска драма, Скопје



1999 - **Благој Мицевски** за претставите ***ЛУДИОТ ИБРАХИМ*** од Ахмед Туран Офлазоглу, Театар на народностите – Турска драма, Скопје и ***ХАМЛЕТ*** од Вилијам Шекспир, Драмски театар, Скопје

2000 - **Благој Мицевски** за претставата ***МАКЕДОНСКА КРВАВА СВАДБА*** од Војдан Чернодрински, Народен театар, Битола

2001 - **Ангелина Атлагиќ** за претставата ***ДИВО МЕСО*** од Горан Стефановски, Драмски театар, Скопје

2002 - **Благој Мицевски** за претставата ***ПАРИТЕ СЕ ОТЕПУВАЧКА*** од Ристо Крле, Народен театар, Битола

2004 - **Марија Пупучевска** за претставата ***МАРИСОЛ*** од Хозе Ривера, Драмски театар, Скопје

2005 - **Благој Мицевски** за претставата ***ЛЕТ ВО МЕСТО*** од Дејан Дуковски, Драмски театар Скопје

2006 - **Јелена Проковиќ** за претставата ***ЦРНИЛА 007*** од Коле Чашуле, Македонски народен театар, Скопје

2007 - **Марија Пупучевска** за претставите ***МАКЕДОНСКИ РУЛЕТ*** од Љубиша Георгиевски, Драмски театар, Скопје и ***ЛАВИРИНТИТЕ НА СЕЌАВАЊЕТО*** од Авни Халими**,** Албански театар, Скопје

2008 - **Мери Јовановска** за претставата ***ЖЕНИЧКИ*** од Тунџер Цуџеноглу, Турски театар, Скопје

2009 - **Тихомир Спировски** за претставата ***КИНЕГОНДА ВО КАРЛАЛЕНД*** од Венко Андоновски, Драмски театар, Скопје

2010 - **Благој Мицевски** за претставата ***ГЕНЕРАЛ НА МРТВА ВОЈСКА*** од Исмаил Кадаре, Албански театар, Скопје

2011 - **Александар Ношпал** за претставата ***АРАПСКА НОЌ*** од Роланд Шимелфениг, Турски театар, Скопје

2012 - **Елена Дончева** за претставата ***ПРИКАЗНА ЗА ШЕХЕРЕЗАДА И ШАРХИЈАР,*** Турски театар, Скопје

2013 - **Благој Мицевски** за претставата ***ЖЕНИДБА*** од Николај Василевич Гогољ, Театар „Комедија“, Скопје

2014 - **Благој Мицевски** за претставата ***ВЕЧНАТА КУЌА,*** Македонски народен театар, Скопје



# НАГРАДА ЗА СЦЕНСКА МУЗИКА

Добитник на гран при за 2006 г.
Народен театар, Битола - ЖЕНИДБА од Николај Василевич Гогољ, во режија на Лилија Абаџиева

Првпат доделена на 15. Театарски игри „Војдан Чернодрински“ (1980 година), наградата за сценска музика досега била врачена 34 пати (во годините 1988 и 1998 не била доделена).

На листата на добитниците на овие 34 награди се вкупно 18 истакнати поединци или групи чиишто имиња кажуваат дека авторство на сценската музика македонските театри го ценеле како исклучително важно и дека за нејзиното пишување во принцип ги ангажирале само најдобрите композитори и изведувачи. Високите стандарди по однос на сценската музика македонскиот театар, за среќа, ги почитува во континуитет.

Меѓу добитниците на фестивалската награда за сценска музика се Андреј Бељан (1980 и 1986), Ристо Аврамовски (1981), Гарабет Таветијан (1983), Златко Ориѓански и Мирослав Спасов (1989), Димитрие Бужаровски (1990), Венко Серафимов (1993), Кокан Димушевски (1994), Кирил Џајковски (2001)...

Наградата ја имаат добиено и трите најпознати македонски групи, дури секоја од нив по 2 пати: **Леб и сол** (1982, 1985), **Анастасија** (1996, 1999), **Фолтин** (2000, 2010).

Наградата за сценска музика досега 3 пати ја има добиено **Љупчо Константинов** (1987, 1992, 1997) а 4 пати **Горан Трајковски** (2007, 2008, 2013, 2014).

Најмногу награди за сценска музика, вкупно 6, до сега ги има добиено **Марјан Неќак.**

1980 - **Андреј Бељан** за претставата ***И АДАМ И ЕВА*** од Цепенков-Ставрев, Народен театар, Прилеп

1981 - **Ристо Аврамовски** за претставата претставата ***ЖИТОЛУБ*** од Коле Чашуле, Македонски народен театар, Скопје

1982 - **Групата *ЛЕБ И СОЛ*** за претставата ***ЛЕТ ВО МЕСТО*** од Горан Стефановски, Дом на млади „25 Мај“, Скопје

1983 - **Гарабет Таветијан** за претставата ***ЈАС, ХАЛИЛ ГАРИЈА*** од Беќар Муслиу, Театар на народностите – Албанска драма, Скопје

1984 - **Димитар Масевски** за претставата ***СЛУГИ*** од Јусуф Идризи, Театар на народностите – Турска драма, Скопје

1985 - **Групата *ЛЕБ И СОЛ*** за претставата ***СРЕЌНА НОВА `49*** од Гордан Михиќ, Македонски народен театар, Скопје

1986 - **Андреј Бељан** за претставата ***НЕОПРЕДЕЛЕНИ ЛИЧНИ ЗАМЕНКИ*** од Атанас Вангелов, Народен театар, Штип

1987 - **Љупчо Константинов** за претставата ***ПРОТЕКЦИЈА*** од Бранислав Нушиќ, Театар на народностите – Турска драма, Скопје

1989 - **Златко Ориѓански** и **Мирослав Спасов** за претставата ***СПИРО ЦРНЕ*** од Благоја Ристески – Платнар, Народен театар „Војдан Чернодрински“ Прилеп

1990 - **Димитрие Бужаровски** за претставата ***ЧУДОВИШТАТА ОД НАШИОТ ГРАД*** од Русомир Богдановски, Театар на деца и младинци, Скопје

1991 - **Христо Бојаџиев** за претставата ***ПОДЗЕМНА РЕПУБЛИКА*** од Јордан Плевнеш, Народен театар, Битола

1992 - **Љупчо Константинов** за претставата ***СТАРИ ФОТОГРАФИИ*** од Динчер Сумер, Театар на народностите – Турска драма, Скопје

1993 - **Венко Серафимов** за претставата ***БАЛКАНОТ НЕ Е МРТОВ*** од Дејан Дуковски, Народен театар, Битола

1994 - **Никола Димушевски** за претставата ***ЗМЕЈОВИТЕ ЗАМИНУВААТ*** од Југослав Петровски, Народен театар „Јордан Хаџи Константинов – Џинот“ Велес

1995 - **Миодраг Неќак** за претставата ***БЕГАЛКА*** од Васил Иљоски, Народен театар, Битола

1996 - Група ***АНАСТАСИЈА*** за претставата ***НИ ЌАР НИ ЗИЈАН*** од Братислав Димитров, Драмски театар Скопје (наградата е одбиена)

1997 - **Љупчо Константинов** за претставата ***СРЕЌАТА Е НОВА ИДЕЈА ВО ЕВРОПА*** од Јордан Плевнеш, Драмски театар, Скопје

1999 - **Групата *АНАСТАСИЈА*** за претставата ***ХАМЛЕТ*** од Вилијам Шекспир, Драмски театар, Скопје

2000 - **Групат**а ***ФОЛТИН*** во претставата ***МАКЕДОНСКА КРВАВА СВАДБА*** од Војдан Чернодрински, Народен театар, Битола

2001 - **Кирил Џајковски** за претставата ***ДИВО МЕСО*** од Горан Стефановски, Драмски театар, Скопје

2002 - **Оливер Јосифовски, Александар Секуловски, Благој Петровски и Вера Милошевска** за претставата ***ПАРИТЕ СЕ ОТЕПУВАЧКА*** од Ристо Крле, Народен театар, Битола

2003 - **Марјан Неќак** за претставата ***КОЛКУ ПАТИ ЌЕ УМИРАМЕ*** драматизација според романот „Небесна Тимјанова“ од Петре М. Андреевски: Владимир Милчин и Сема Али, Народен театар, Битола

2004 - **Марјан Неќак** за претставите ***МАРИСОЛ*** од Хозе Ривера, Драмски театар, Скопје и ***ДЕРВИШОТ И СМРТТА*** од Меша Селимовиќ, Албански театар, Скопје.

2005 - **Тургај Ерденер** за претставата ***АЗИЗНАМЕ*** од Азиз Несин, Турски театар, Скопје

2006 - **Марјан Неќак** за претставата ***ТИМОН ОД АТИНА*** од Вилијам Шекспир, Народен театар Битола, Турски театар, Скопје, Лабораторија Нова Фиренца, Италија

2007 - **Горан Трајковски** за претставата ***МАКЕДОНСКИ РУЛЕТ*** од Љубиша Георгиевски, Драмски театар, Скопје

2008 - **Горан Трајковски** за претставата ***БЕГАЛКА*** од Васил Иљоски, Народен театар, Штип

2009 - **Марјан Неќак за** претставата ***ЦРНА СЕ ЧУМА ЗАДАДЕ,*** од Владимир Милчин и Марјан Неќак, Народен театар, Битола

2010 - **Групата *ФОЛТИН*** за претставата ***КАВКАСКИ КРУГ СО КРЕДА*** од Бертолт Брехт, Народен театар „Војдан Чернодрински“ Прилеп

2011 - **Марјан Неќак** за претставите ***АНТИЦА,*** од Бертолт Брехт, Народен театар „Војдан Чернодрински“ Прилеп и ***ОБИЧНА ПРИКАЗНА*** од Марина Ладо, Народен театар, Битола

2012 - **Марјан Неќак** за претставата ***ВИШНОВАТА ГРАДИНА*** од Антон Павлович Чехов, Народен театар, Битола

2013 - **Горан Трајковски** за претставата ***ЖЕНИДБА*** од Николај Василевич Гогољ, Театар „Комедија“ Скопје

2014 - **Горан Трајковски** за претставата ***ВЕЧНАТА КУЌА*** од Јордан Плевнеш, Македонски народен театар, Скопје

# НАГРАДА ЗА СЦЕНСКИ ДВИЖЕЊА И КОРЕОГРАФИЈА



Добитник на гран при за 2007 г.
Драмски театар Скопје - МАКЕДОНСКИ РУЛЕТ од Љубиша Георгиевски во режија на Сашо Миленковски

Наградата за сценски движења е востановена дури 2003 година и за прв пат е доделена на 38. Македонски театарски фестивал „Војдан Чернодрински“.

Во текот на изминативе 12 години, нејзините добитници станале 7 кореографи (4 од Македонија и 3 од странство) и два актерски ансамбли на кои им била доделена за колективниот перфекционизам во изведување на движењата. Одлуката жири-комисиите да не ги наградуваат кореографите кои ги креирале и ги извежбале сценските движења туку ансамблите кои движењата ги усвоиле и ги изведувале во секоја изведба, бездруго, била мотивирана од високите изведувачки стандарди кои тие ансамбли ги постигнале во претставите ***Црна се чума зададе*** од Владимир Милчин и Марјан Нераак (Народен театар Битола, 2009 година) ***Кавкаски круг со креда*** од Бертолт Брехт и Мартин Кочовски (Народен театар „Војдан Чернодрински“ Прилеп, 2010 година).

Најмногу награди за сценски движења до сега ги имаат добиено кореографките **Кренаре Невзати – Кери** (вкупно 3, од кои една заедно со Александра Хонг) и **Олга Панго** (вкупно 2).

2003 - **Александар Илиев** за претставата ***ДОМОТ НА БЕРНАРДА АЛБА***, Народен театар „Јордан Хаџи Константинов – Џинот“, Велес

2004 - **Кренаре Невзати-Кери** и **Александра Хонг** за претставата ***ГИЛГАМЕШ***, Турски театар, Скопје.

2005 - **Александра Хонг** за претставата ***ЦРНИЛА*** од Коле Чашуле, Народен театар, Штип

2006 - **Жељка Санчанин** за претставата ***ТИМОН ОД АТИНА*** од Вилијам Шекспир, Народен театар, Битола, Турски театар, Скопје, Лабораторија Нова Фиренца, Италија

2007 - **Александра Пешевска** за претставата ***ОБИДИ*** од Мартин Крип, Народен театар, Куманово

2008 - **Олга Панго** за претставата ***ЖЕНИЧКИ*** од Тунџер Џуџеноглу, Турски театар, Скопје

2009 - **Ансамблот на Народниот театар, Битола** за претставата ***ЦРНА СЕ ЧУМА ЗАДАДЕ*** од Владимир Милчин и Марјан Нешак

2010 - **Ансамблот на Народниот театар „Војдан Чернодрински“** за претставата ***КАВКАСКИ КРУГ СО КРЕДА*** од Бертолт Брехт

2011 - **Олга Панго** за претставата ***ОРКЕСТАР*** од Жан Ануј, Албански театар, Скопје

2012 - **Кренаре Невзати-Кери** за претставата ***ПРИКАЗНА ЗА ШЕХЕРЕЗАДА И ШАРХИЈАР,*** Турски театар, Скопје

2013 - **Кренаре Невзати-Кери** за претставата ***ШЕКСПИР ВО ПРИКАЗНИ,*** Турски театар, Скопје

2014 - **Сташа Зуровац** за претставата ***ВЕЧНАТА КУЌА,*** Македонски народен театар, Скопје



# НАГРАДА ЗА НАЈДОБРО ДИЗАЈНИРАН ПРОПАГАНДЕН МАТЕРИЈАЛ

Добитник на гран при за 2008 г.
Народен театар, Штип - БЕГАЛКА од Васил Иљоски во режија на Дејан Пројковски

Дури во 1987 година, годината на 22. Театарски игри „Војдан Чернодрински“, Советот на фестивалот кому, во тој миг, му претседава Илија Милчин, решава на листата на официјални награди да ја внесе и наградата за најдобро обликување на рекламниот материјал за претставите. Целта на оваа иновација била едноставна ама и ургентна: поттикнување на што поинтересно, поквалитетно и поинвентивно рекламирање на претставите. Од тој фестивал, наградата била доделена точно 25 пати (дизајнерите останале ненаградени трипати: во 1989, 1990 и 2000 година).

Знаеме дека графичките и —особено— информатичките стандарди на пропагадните материјали кои ги публикуваат македонските театри најчесто не можат да се споредуваат со оние од европските театарски институции. Причините за тоа не се (само) во несразмерноста на буџетите за оваа намена, нашите и европските, туку се и професионални. Формулацијата впишана во службеното име на оваа награда – ***најдобро дизајниран пропаганден материјал*** не се однесува само да квалитетот на графичкиот изглед на тој материјал, туку и на „содржината“ што тој изглед мора да ја пласира. Македонските театри постапно го создаваат кадарот кој ќе може соодветно да ги „исполни“ страниците на програмките за одделни претстави и компетентно да ги пишува/уредува тие страници. Кои не мораат секогаш да бидат и отпечатени на хартија.

Помеѓу 1987 и 2014 година најмногу награди од оваа категорија биле доделени на битолските автори **Владо Ѓоревски** (вкупно 7) и членовите на уметничкото семејство **Светозареви — Валентин, Сашо и Сергеј** (вкупно 4).

1987 - **Илија Бојаџиев,** материјалот за претставата ***КАЛУЃЕРИЧКИ ТИШИНИ*** од Слободан Шнајдер, Народен театар, Битола

1988 - **Димитар Кочоски,** материјалот за претставата ***ЦРНА ДУПКА*** од Горан Стерфановски, Народен театар, Битола; **Љубомир Чадиковски,** материјалот за претставата ***СЛОБОДЕН ЛОВ*** на Јордан Плевнеш, Драмски театар, Скопје (по основа на распишаниот конкурс)

1991 - **Мустафа Асим,** материјалот за претставата ***КАРТОНСКА КУТИЈА*** од Ирфан Беѓур, Театар на народностите — Турска драма, Скопје)

1992 - **Мустафа Асим,** материјалот за претставата ***СТАРИ ФОТОГРАФИИ*** од Данчер Сумер, Театар на народностите — Турска драма Скопје

1993 - **Крсте Цидров** материјалот за претставата ***ГРЕВ ИЛИ ШПРИЦЕР*** од Сашко Насев, Драмски театар, Скопје

1994 - **Димитар Кочовски** материјалот за претставата ***NOTRE FEMME DE PARIS*** од Јордан Плевнеш, Народен театар, Битола

1995 - **Наташа Милованчев** за претставата ***РОЗЕНКРАНЦ И ГИЛДЕНСТЕРН СЕ МРТВИ*** од Том Стопард, Драмски театар, Скопје

1996 - Плакатот на претставата *ЛЕПА АНГЕЛИНА,* Македонски народен театар Скопје (наградата е одбиена)

1997 - **Народен театар „Антон Панов“ Струмица,** материјалот за претставата ***ПИЛИКАТНИК*** од Антон Панов (името на авторорот не е истакнато)

1998 - **Народен театар „Војдан Чернодрински“ Прилеп**, материјалот за претставата ***ПОЛКОВНИКОТ ПТИЦА*** од Христо Бојчев

1999 - **Сашо и Валентин Светозареви,** материјалот за претставата ***ПОСЛЕДНИТЕ СЕЛАНИ*** од Петре М. Андреевски и Бранко Ставрев, Народен театар, Битола

2000 - не е доделена

2001 - **Сашо и Валентин Светозареви,** материјалот за претставата ***КРЧМА КРАЈ ПАТОТ*** од Антон Павлович Чехов, Народен театар „Војдан Чернодрински“ Прилеп

2002 - **Сашо и Валентин Светозареви,** материјалот за претставата ***ПИСАНИЕ*** од Живко Чинго, Македонски народен театар, Скопје

2003 - **Христо Бојаџиев** и **Владо Ѓоревски,** материјалот за претставата ***НА ДНОТО*** од Макисм Горки, Народен театар, Битола

2004 - **Филип Јовановски** и **Иван Јерчиќ**, материјалот за претставата ***ТРИ СЕСТРИ,*** Народен театар, Битола

2005 - **Игор и Владимир Ѓорѓијоски,** материјалот за претставата ***РИБАРСКИ КАРАНИЦИ*** од Карло Голдони, Народен театар „Војдан Чернодрински“ Прилеп

2006 - **Филип Јовановски,** материјалот за претставата ***ДОН ЖУАН*** од Ж. Б. П. Молиер, Драмски театар, Скопје



2007 - **Владо Ѓоревски,** материјалот за претставата ***ТАРТИФ*** од Ж. Б. П. Молиер, Народен театар, Штип

2008 - **Владо Ѓоревски,** материјалот за претставата ***БЕГАЛКА*** од Васил Иљоски, Народен театар, Штип

2009 - **Владо Ѓоревски,** материијалот за претставата ***ПОСЛЕДНИОТ ДЕН НА МИСИРКОВ*** од Јордан Плевнеш, Народен театар „Антон Панов“ Струмица

2010 - **Владо Ѓоревски**, материјалот за претставата ***БРАЌА КАРАМАЗОВИ*** од Фјодор Михајлович Достоевски, Народен театар, Битола

2011 - **Владо Ѓоревски** за претставата ***ХАМЛЕТ*** од Вилијам Шекспир, Драмски театар Скопје

2012 - **Владо Ѓоревски,** материјалот за претставата ***ПОЛИЦАЈЦИ,*** Театар Охрид

2013 - **Сергеј Светозарев,** материјалот за претставата ***ТРАВНИЧКА ХРОНИКА*** според романот на Иво Андриќ, Народен театар, Битола

2014 - **Владимир Ѓорѓијоски,** материјалот за претставата ***ШВЕЈК ВО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА,*** Народен театар „Војдан Чернодрински“ Прилеп

# НАГРАДА ЗА АКТЕРСКИ ОСТВАРУВАЊА

**Хамлет:**

***Добар мој господаре, ќе се погрижите ли актерите да бидат добро сместени? Слушате ли, нека се постапува добро со нив, зашто тие претставуваат целосна и сожета хроника на времето. По вашата смрт подобро е да добиете лош епитаф од нив одошто лошо да ве разгласуваат додека сте жив.***

**(Шекспир, *Хамлет*, II/2, превод на Богомил Ѓузел)**



Добитник на гран при за 2009 г.
Народен театар „Војдан Чернодрински“ Прилеп - ТАПАНИ ВО НОЌТА од Бертолт Брехт во режија на Мартин Кочовски

Бројот на актерите кои, во текот на изминатите педесет години, учествувале во фестивалските претстави или, на различни начини, партиципирале во фестивалските програми речиси е невозможно да се утврди. Меѓутоа, со сигурност може да се тврди дека нема ниту еден македонски актер кој, во текот на истите тие педесет години, во Прилеп не престојувал повеќе од еднаш.

Денес со сигурност знаеме дека од 668 официјални фестивалски награди доделени помеѓу 1965 и 2014 година, дури 301 им биле доделени на актерите. Доколку од вкупно 65 награди за животно дело ги издвоиме оние 47 што им биле доделени на актерките и актерите, вкупниот број на актерските награди се покачува на 348. Што е повеќе од половина или, најпрецизно, импресивни 52 отсто!

Најнаградуваните актери во досегашната историја на фестивалот се **Мето Јовановски** со 7 годишни награди добиени во протег од триесет години (1982-2002)[1] и **Зора Георгиева** со 5 годишни награди добиени од 1967 до 1987, но и со наградата за животно дело (2001) како шеста фестивалска награда во нејзината долга и успешна кариера.

По пет годишни актерски награди добиле **Кирил Ристоски** (кој постхумно, 2012 година, ја добил и наградата за животно дело, како шеста), **Владимир Светиев** (кој 2012 ја доби и нагарда за животно дело), **Тони Михајловски** и **Никола Ристановски.**

По четири годишни награди добиле **Олга Наумовска** (која 1995 година ја доби и наградата за животно дело, како петта во своето фестивалско портфолио), **Љубиша Трајковски** (кој, наградата за животно дело ја добил 1986 година како прв добитник, со што бројот на фестивалските награди ги заокружил на пет), **Бедија Беговска, Јелена Жугиќ, Ѓорѓи Јолевски, Дејан Лилиќ и Драган Спасов – Дац.**

Првенец на битолскиот театар **Борис Чоревски** е, засега, единствениот македонски актер кој ги има добиено сите три фестивалски награди – годишната (1999), награда „Димче Трајковски“ за најдобра епизодна улога (2001) и наградата „Трајко Чоревски“ за најдобар млад актер (1976). Борис Чоревски е син на покојниот Трајко Чоревски, актер чиешто име оваа награда го носи од 1965 година.

[1] 2015 година Мето Јовановски ја доби и наградата за животно дело, како осма награда на МТФ „Војдан Чернодрински“.

| Ред.бр. | Име и презиме | Награди за актерски остварувања/годишни (година) | Награда „Трајко Чоревски“ (година) | Награда „Димче Трајковски“ (година) | Награда за животно дело (година) | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | **Абази, Рефет** | **1997, 1998, 2005** | | | | **3** |
| 2. | **Азири, Адриан** | **2006** | | **2008, 2010** | | **3** |
| 3. | **Ајдини, Теута** | **1988** | | | | **1** |
| 4. | **Акбелге, Сузан** | | **1998** | | | **1** |
| 5. | **Актерскиот ансамбл на Нова сцена - Скопје** | | **2002** | | | **1** |
| 6. | **Алексоски, Блаже** | **1969, 1978, 1986** | | | | **3** |
| 7. | **Али, Незакет** | | | | **2012** | **1** |
| 8. | **Али, Осман** | | **2010** | | | **1** |
| 9. | **Ангелов, Игор** | | | **2007** | | **1** |
| 10. | **Ангеловски, Коле** | | | | **2011** | **1** |
| 11. | **Андов, Ѓорѓи** | **1972** | | | | **1** |
| 12. | **Андоновски, Кирил** | | | | **2008** | **1** |
| 13. | **Андреева, Емилија** | | **1984** | | | **1** |
| 14. | **Апостоловски С., Митко** | **1994** | | | | **1** |
| 15. | **Арсова, Соња** | | **2008** | | | **1** |
| 16. | **Атанасов, Лазар** | | **1973** | | | **1** |
| 17. | **Атанасова, Кристина** | | **2001** | | | **1** |
| 18. | **Атанасова, Филарета** | | **2001** | | | **1** |
| 19. | **Атанасовски, Атанас** | | **2014** | | | **1** |
| 20. | **Ахмет, Филиз** | **2007** | **2003** | | | **2** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 21. | Бајрактари, Мехди | 1976, 1980, 1994 | | | | 3 |
| 22. | Басаровски, Методија | 1980 | | | | 1 |
| 23. | Беговска, Руиш | 2008 | | | | 1 |
| 24. | Бејоглу / Беговска, Бедија | 1989, 1992, 1999, 2003 | | | | 4 |
| 25. | Беличанец /Алексиќ, Билјана | 2009, 2012 | 1996 (одбиена) | | | 3 |
| 26. | Бенинов, Бранко | | | 1997 | | 1 |
| 27. | Билал, Салаетин | 1976, 1989 | | 1992 | 2014 | 4 |
| 28. | Богојевиќ – Јовановски, Лилјана | 1990 | | | | 1 |
| 29. | Бошкова, Мери | 1977 | | | 1989 | 2 |
| 30. | Вандески, Димитар | | 1971 | | | 1 |
| 31. | Василева, Јасмина | | 2004 | | | 1 |
| 32. | Велинов, Сенко | 1995 | | | | 1 |
| 33. | Велјанова, Лилјана | 2001 | | | | 1 |
| 34. | Вељковиќ, Маја | | 1999 | 2002 | | 2 |
| 35. | Ветерова, Искра | 2014 | | | | 1 |
| 36. | Витанов, Јордан | 1991, 2013 | | | | 2 |
| 37. | Вучкова, Вера | | | | 2005 | 1 |
| 38. | Георгиева, Зора | 1967, 1970, 1975, 1976, 1987 | | | 2001 | 6 |
| 39. | Георгиевска, Лилјана | 1966 | | | | 1 |
| 40. | Гешоска, Нада | 1982 | | | 1996 | 2 |
| 41. | Гојковиќ-Николовска, Љубица | | | | 2009 | 1 |



| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 42. | Горко, Петар | | 1992 | | | 1 |
| 43. | Грамосли, Валентина | 2014 | | | | 1 |
| 44. | Грозданов, Мите | 1984, 1988 | | | 2010 | 3 |
| 45. | Делова, Ленче | 1996 (одбиена) | | | 2006 | 1 |
| 46. | Димитријевски, Драгиша | 1999 | | | | 1 |
| 47. | Димитровска, Сашка | 2000 | | | | 1 |
| 48. | Димовска, Дона | 1996 | 1995 | | | 2 |
| 49. | Диневски, Вукан | | | | 1999 | 1 |
| 50. | Драгичевиќ Пројковска, Билјана | 2010 | | | | 1 |
| 51. | Дранговски, Огнен | 2010 | | | | 1 |
| 52. | Думов, Александар | 1969, 1971, 1976 | | 1988 | | 4 |
| 53. | Ѓеорѓиоски, Душко | 1981 | | | | 1 |
| 54. | Ѓорчев, Ацо | 1965, 1967, 1983 | | | | 3 |
| 55. | Ѓорчев, Бранко | | | 2009 | | 1 |
| 56. | Жежоски, Кирил | 1972, 1977 | | | | 2 |
| 57. | Живорадиќ, Сузана | 2000 | | | | 1 |
| 58. | Жугиќ, Јелена | 1997, 2002, 2011, 2012 | | | | 4 |
| 59. | Зафирчев, Васил | 2001 | 2000 | | | 2 |
| 60. | Захариева, Ратка | 1972 | | | | 1 |
| 61. | Здравевски, Кирил | 1973, 1975 | | | | 2 |
| 62. | Иваноска, Лидија | | | | 2008 | 1 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 63. | Иваноски, Трајче | 1981, 1982 | 1969 | | 2011 | 4 |
| 64. | Ивчески, Благоја | 1968, 1972 | | | 2008 | 3 |
| 65. | Икономова, Ружа | 1971 | | | | 1 |
| 66. | Илиева, Мирјана | | 1966 | | | 1 |
| 67. | Илиќ, Горан | 1993, 1997 | | | | 2 |
| 68. | Исаја, Мара | | | | 2004 | 1 |
| 69. | Јашар, Мустафа | | | 2005 | 2014 | 2 |
| 70. | Јовановски, Ацо | 1978 | | | 1994 | 2 |
| 71. | Јовановски, Владо | | | 2011 | | 1 |
| 72. | Јовановски, Мето | 1982, 1984, 1987, 1992, 1995, 1998, 2002 | | | | 7 |
| 73. | Јованоски, Андон | | | 2014 | | 1 |
| 74. | Јолевски, Ѓорѓи | 1991, 1999, 2002 | 1987 | | | 4 |
| 75. | Јонузи, Зарије | 2013 | | | | 1 |
| 76. | Јосифовски, Јосиф | 1967, 1971, 1973, | | | 1993 | 4 |
| 77. | Јусуфи, Селман | 1983 | | | | 1 |
| 78. | Касо, Ељеса | 1998, 1999, 2009 | 1991 | | | 4 |
| 79. | Киранџиска,Сузана | 1987 | 1987 | | | 2 |
| 80. | Кирова/Арева Елица | 1969, 1975, 1989 | | | | 3 |
| 81. | Клинче, Атила | 2003 | 1982 | | | 2 |
| 82. | Ковачевиќ, Антоанета | | | | 2000 | 1 |
| 83. | Ковачевиќ, Милојка | 1972 | | | | 1 |



| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 84. | Колозова, Шенка | 1971 | | | | 1 |
| 85. | Кондова-Зафировска, Тодорка | | | | 1992 | 1 |
| 86. | Конеска-Руси, Снежана | 1991 | 1978 | | | 2 |
| 87. | Костадиновски, Валентин | | 2013 | | | 1 |
| 88. | Костов, Димитар | 1966 | 1965 | | 2009 | 3 |
| 89. | Костовски, Душко | 1968, 1978, 1985 | | | | 3 |
| 90. | Коцевска, Катерина | 1984 | | | | 1 |
| 91. | Крстевски, Младен | 1990 | 1979 | | | 2 |
| 92. | Кујача, Николина | | 1997 | 2006 | | 2 |
| 93. | Лабетиќ, Живка | 1966, 1967 | | | | 2 |
| 94. | Лазароска, Виолета | | 1990 | | | 1 |
| 95. | Лилиќ, Дејан | 2001, 2004, 2011 | | 2012 | | 4 |
| 96. | Лозана, Мушареф | 1989 | | | 1998 | 2 |
| 97. | Лукаревски, Ѓокица | | | 1984 | | 1 |
| 98. | Марковски, Методија | | | 1994 | | 1 |
| 99. | Мехмети, Фета | | 1977 | | | 1 |
| 100. | Мешковски, Димче | 1986 | | | 2007 | 2 |
| 101. | Миладиноска, Иванка | | 1972 | | | 1 |
| 102. | Милосављевиќ, Ненад | 1981 | | | | 1 |
| 103. | Милчин, Илија | 1979 | | | 1987 | 2 |
| 104. | Мирчевски, Филип | | 2009 | | | 1 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 105. | Мирчевски, Петар | 1992, 1996 | | 1998 | | 3 |
| 106. | Миса, Анастас | 1969, 1975 | | | | 2 |
| 107. | Михајлова, Соња | 1986, 1993 | 1986 | 1995 | | 4 |
| 108. | Михајловиќ, Снежана | 1986 | | 1989 | | 2 |
| 109. | Михајловски, Тони | 1997, 2000, 2014 | 1993, 1994 | | | 5 |
| 110. | Мицовска, Јасмина | | 2006 | | | 1 |
| 111. | Мјаку, Бајруш | 1985, 1995, 2004 | | | | 3 |
| 112. | Мучај, Арта | 2004 | | | | 1 |
| 113. | Настоски, Цане | 1973 | | | | 1 |
| 114. | Наумовска, Олга | 1968, 1970, 1971, 1983 | | | 1995 | 5 |
| 115. | Неби, Фирдаус | 1979, 1981 | | | | 2 |
| 116. | Неби, Шерафетин | | | | 2002 | 1 |
| 117. | Недеска, Верица | 2003 | | | | 1 |
| 118. | Никлевски, Живко | | 1975 | | | 1 |
| 119. | Николовски, Ѓоко | 1973 | | | | 1 |
| 120. | Николовски, Тодор | | | | 1988 | 1 |
| 121. | Нокшиќи-Јовановска, Америнс | 2011, 2013 | | | | 2 |
| 122. | Нуредини, Сефедин | 1991 | 1980 | | | 2 |
| 123. | Огненовски, Сашо | | 1988 | | | 1 |
| 124. | Ошавкова, Соња | | | 1999 | | 1 |
| 125. | Панчиќ, Зорица | 2007 | | 2003 | | 2 |



| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 126. | Петкоски, Методија | 1967, 1970, 1971 | | | | 3 |
| 127. | Петровски-Цими, Михајло | | | 2004 | | 1 |
| 128. | Петрушевска, Габриела | 2000, 2005, 2006 | | | | 3 |
| 129. | Петрушевски, Ванчо | 1989 | | 1985 | | 2 |
| 130. | Пешевски, Живко | 1986 | 1970 | | | 2 |
| 131. | Пиперевска, Љубица | 1965, 1970, 1975 | | | | 3 |
| 132. | Поповска, Јоана | 1973, 1976 | 1966 | | 1999 | 4 |
| 133. | Прличко, Петре | 1977 | | | 1988 | 2 |
| 134. | Пројчевски, Никола | | 2011 | | | 1 |
| 135. | Протогеров, Алеко | 1965 | | | 2000 | 2 |
| 136. | Пуцкова, Добрила | | | | 2002 | 1 |
| 137. | Рама, Исмаил | 1977 | | | | 1 |
| 138. | Ризова, Магдалена | | | 1993 | | 1 |
| 139. | Ризова, Дарја | 2014 | | | | 1 |
| 140. | Ристановски, Никола | 1994, 1997, 1998, 2006, 2012 | | | | 5 |
| 141. | Ристиќ, Ирена | 2001, 2005 | | | | 2 |
| 142. | Ристоски, Кирил | 1978, 1986, 1989, 1992, 1994 | | | 2012 (постхумно) | 5+1 |
| 143. | Рубен, Емил | | | 2013 | | 1 |
| 144. | Самет, Ценат | 2008 | | | | 1 |
| 145. | Светиев, Владимир | 1977, 1988, 1991, 2002 | | 1990 | 2012 | 6 |
| 146. | Сејфула, Љутви | 1966, 1977, 1984, 1987 | | | 1996 | 5 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 147. | Смоквоска, Лилјана | 1973 | | | | 1 |
| 148. | Спасов, Драган | 1993, 1995, 2001 | | 1996 | | 4 |
| 149. | Спасовски, Стево | 1988 | | 1987 | 2001 | 3 |
| 150. | Спиркоска, Марија | 2009 | 2006 | | | 2 |
| 151. | Спиркоски-Џумерко, Благоја | 1985 | | 2000 | 2011 | 3 |
| 152. | Стамеска, Снежана | 1985 | | | 2014 | 2 |
| 153. | Степановска, Викторија | 2008 | 2007 | | | 2 |
| 154. | Степанулески, Александар | | 2012 | | | 1 |
| 155. | Стефановски, Ацо | 1970, 1980, 1983 | | | | 3 |
| 156. | Стефановски, Благоја | 1984 | | | | 1 |
| 157. | Стефановски, Илко | 1982, 1993, 1995 | | | | 3 |
| 158. | Стојанов, Крум | | | | 1991 | 1 |
| 159. | Стојанова, Милица | 1982 | | | 1994 | 2 |
| 160. | Стојановска, Зорица | 2007 | | | | 1 |
| 161. | Стојановски, Ненад | 1985 | 1981 | | | 2 |
| 162. | Стојковски – Бабец, Петар | | | | 1997 | 1 |
| 163. | Струмениковски, Илија | 1976, 1978 | | | | 2 |
| 164. | Таир, Несрин | 2010 | | | | 1 |
| 165. | Талески, Владимир | 1988, 1990, 1996 | | | | 3 |
| 166. | Таневска, Билјана | 1994 | | | | 1 |
| 167. | Таневска, Мими | 1993, 1998 | | | | 2 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 168. | Тасевски, Сашо | 2002 | | | | 1 |
| 169. | Темелковски, Петре | 1990, 2000 | | | | 2 |
| 170. | Тодески, Најдо | | 1988 | | | 1 |
| 171. | Тодоровски, Гоце | 1980 | | | | 1 |
| 172. | Тоциновски, Камка | | 2005 | | | 1 |
| 173. | Трајковски, Љубиша | 1968, 1969, 1979, 1980 | | | 1986 | 5 |
| 174. | Трпкова, Синоличка | | 1987 | 1991 | | 2 |
| 175. | Тушар, Мајда | 1979 | | | | 1 |
| 176. | Ќамили-Мучи, Музабедин | 2007 | | | | 1 |
| 177. | Ќортошев, Кирил | 1983 | | | 1996 | 2 |
| 178. | Христовски, Момир | 1970 | | | | 1 |
| 179. | Чоревска, Ратка | | | | 2010 | 1 |
| 180. | Чоревски, Благој | 1992, 1996 (одбиена) | | | | 2 |
| 181. | Чоревски, Борис | 1999 | 1976 | 2001 | | 3 |
| 182. | Џамбазова, Анче | 1987 | | | | 1 |
| 183. | Џамбазов, Игор | 1990 | 1989 | | | 2 |
| 184. | Џувалековски, Илија | 1982 | | | 1990 | 2 |
| 185. | Џундева, Љупка | | | | 2000 | 1 |
| 186. | Шијак, Арна | | 1997 | | | 1 |
| 187. | Шишков, Ристо | 1978 | | | | 1 |
| 188. | Шумански, Васил | | 1968 | | | 1 |



# НАГРАДА „ТРАЈКО ЧОРЕВСКИ“ ЗА НАЈДОБАР МЛАД АКТЕР

Трајко Чоревски

**Трајко Чоревски** (1921-1955) е еден од членовите на иницијалниот ансамбл на Македонскиот народен театар, еден од „Платоновците“ - протагонисти на првата претстава „Платон Кречет“ (во која токму тој го играл младиот соцреалистички херој Васја). Како еден од најмладите и најагилните актери во првите години на МНТ, суверено го носел репертоарот одејќи од претстава во претстава. За нецели шест години – од 3 април 1945 година, кога бил одигран „Платон Кречет“ и јануари 1951 година, кога преминува во Народниот театар, Битола, Трајко Чоревски одиграл речиси 30 големи улоги.

Кариерата ја продолжил во Битола и, за жал, ја завршил веќе на 34 години. Останувајќи, засекогаш, **млад актер**.

И двајцата негови синови – Благој (роден 1947) и Борис (роден 1949) – ја одбрале актерската професија на родителите. Мајка им Ратка Чоревска (родена 1924) цел работен век го поминала во битолскиот ансамбл во кој трпеливо и одговорно ги играла средните и помалите улоги – оние без кои театарот не би постоел. Добитничка е на наградата за животно дело на МТФ „Војдан Чернодрински“ (2010).

Актерското семејство Чоревски е едно од оние неколку жилави семејства кои историјата на македонскиот театар ја маркирале низ две-три генерации. Во Англија, каде што традицијата сакросантно се почитува, родоначалниците на таквите семејства добиваат благороднички титули. Македонскиот однос кон театарското минато допрва се гради, полека и со многу мака. Додека тој процес трае (и трае, и трае), актерското семејство Чоревски се потврдува веќе во третата генерација: по родоначалникот Трајко и Кралицата мајка Ратка заиграа синовите Благој и Борис; пред некоја година, сигурна во себе и подготвена до перфекција, успешната кариера ја започна и внуката Илина...

Наградата за најдобар млад актер „Трајко Чоревски“ се доделува од 1965 година и е една од најстарите фестивалски награди. Досега е доделена 46 пати (со исклучок на годините 1967, 1983 и 1985). Пет пати е доделена на двајца добитници (или на две добитнички). Само еден македонски актер, **Тони Михајловски,** ја има добиено два пати по ред (1993 г. за улогата на Крали Марко во претставата ***Женски прилог за нокта*** од Блаже Миневски; 1994 г. за улогата на Стево во ***Бунт во домот за старци*** од Венко Андоновски, и двете продукции на МНТ).

На неколкумина истакнати македонски актери оваа награда им беше прва во животот и во кариерата: **Снежана Конеска** (1978), **Ненад Стојановски** (1981), **Синоличка Трпкова и Ѓорѓи Јолевски** (1987), **Игор Џамбазов** (1989), **Елјеса Касо** (1991), **Петар Горко** (1992), **Билјана Беличанец** (1996), **Арна Шијак** (1997), **Васил Зафирчев** (2000), **Камка Тоциновски** (2005)...

Сепак, во текот на сите педесет изминати години, само една од лауреатите, младата актерка, **Билјана Беличанец,** се осмели наградата „Трајко Чоревски“ решително да ја одбие. И тој свој гест да го образложи јавно, од сцената на која беше повикана за да ја преземе. Нестварно млада (одвај 23-годишна!) и, во актерска смисла, надстварно моќна Билјана Беличанец таа 1996 година ја играше Медеја во продукција на Народниот театар „Војдан Чернодрински“ од Прилеп. И процени дека ја наградуваат необјективно – не затоа што не играла добро, туку затоа што наградите, речиси сите награди од таа година, не биле разделени според уметничките критериуми туку според нечии интереси: интерни, локални, „провинцијални“, тривијални... Спонтано и искрено до болка, Билјана Беличанец таа вечер се повикуваше на правдата – како и нејзината Медеја! – и, борејќи се за таа универзална и највисока правда, всушност се бореше за достоинството на наградата што ја - одбива.

Конечниот биланс на тие 31. Театарски игри „Војдан Чернодрински“ беше крајно негативен: од 15 доделени награди одбиени беа дури седум, претставата во чест на наградените не се одржа, фестивалот – во она строго формална смисла – не се заврши никогаш...

По игра на случајот (или заради ситната одмазда на самата божица Талија?), еден од наградените актери таа година беше и Благој Чоревски, постариот син на Трајко Чоревски. И тој ја одби својата награда.



1965 - **Димитар Костов** , Народен театар, Куманово

1966 - **Јоана Поповска** (Офелија во ***ХАМЛЕТ*** од Вилијам Шекспир, Народен театар, Битола);

**Мирјана Илиева** (за улогата во ***ЗАТОЧЕНИЦИТЕ ОД АЛТОНА*** на Жан Пол Сартр, Народен театар Куманово)

1968 - **Васил Шумански** (Артур во ***ТАНГО*** од Славомир Мрожек, Народен театар, Штип)

1969 - **Трајче Иваноски** (во ***РОБОТ И АГАТА,*** Народен театар, Прилеп)

1970 - **Живко Пешевски** (Мик Тереноар ***МАТУРАНТИ,*** Народен театар, Куманово)

1971 - **Димитар Вандески** (во ***ИТРОМАНОТ ПЕЈО,*** Народен театар, Прилеп)

1972 -**Иванка Миладиноска** (Сашенка во ***ФОМА ФОМИЧ И ДРУГИТЕ*** од Достоевски, Народен театар, Штип)

1973 - **Лазар Атанасов** (***СЕДУМТЕМИНА*** од Вилис Хол, Народен театар, Штип)

1975 - **Живко Никлевски** (Миле во ***МЛАДИ СИНОВИ*** од Васил Иљоски, Народен театар Куманово)

1976 - **Борис Чоревски (во *ЈЕЛЕНА ЌЕТКОВИЌ*** од Александар Поповиќ, Народен театар, Битола) (Радио-телевизија Скопје)

1977 - **Фета Мехмети** (Родолфо во ***ПОГЛЕД ОД МОСТОТ*** од Артур Милер, Театар на народностите - Албанска драма, Скопје)

1978 - **Снежана Конеска** за улогата во ***КРЧМА ПОД ЗЕЛЕНОТО ДРВО*** од Петер Ковачек, Македонски народен театар Скопје)

1979 - **Младен Крстевски** (Гроф Миливој во ***ГРОФ МИЛИВОЈ*** од Ристо Крле, Народен театар Велес)

1980 - **Сефедин Нуредини** (Поручникот во ***ДА СЕ СПАСИ НАДЕЖТА*** од Емануел Раблес, Театар на народностите – Албанска драма)

1981 - **Ненад Стојановски** (Козалов во БРКОТНИЦИ од Лев Берински, Драмски театар, Скопје)

1982 - **Атила Клинче** (Мемет во ***МЕМЕТ*** од Ирфан Белјув, Театар на народностите – Турска драма, Скопје)

1984 - **Емилија Андреева** (Евгенија во ***МАЦЕДОНИШЕ ЦУШТЕНДЕ*** од Јордан Плевнеш, Македонски народен театар, Скопје)

1986 - **Соња Михајлова** (Сандра Заум во ***МАГНА КАРТА*** од Марио Роси, Народен театар, Битола) (ревија „Екран)

1987 - **Синоличка Трпкова** (Петунија во ***НИШТО БЕЗ ТРИФОЛИО*** од Русомир Богдановски, Македонски народен театар, Скопје)

**Ѓорѓи Јолевски** (Пинус во ***НИШТО БЕЗ ТРИФОЛИО*** од Русомир Богдановски, Македонски народен театар, Скопје)

1988 - **Најдо Тодески** (Тејо во ***КЛАУСТРОФОБИЧНА КОМЕДИЈА*** од Душан Ковачевиќ, Народен театар „Војдан Чернодрински“ Прилеп); **Сашо Огненовски** (Магда во ***ЦРНА ДУПКА*** од Горан Стефановски, Народен театар, Битола)

1989 - **Игор Џамбазов** (Антифол од Ефез / Антифол од Сиракуза во ***ЗАБУНИ*** од Вилијам Шекспир, Македонски народен театар, Скопје

1990 - **Виолета Лазареска** (Љубица во ***ГОЛЕМИОТ БРИЛИЈАНТЕН ВАЛЦЕР*** од Драго Јанчар, Народен театар „Војдан Чернодрински“, Прилеп)

1991 - **Елјеса Касо** (Дервиш во ***КАРТОНСКА КУТИЈА*** од Ирфан Беѓур, Театар на народностите -Турска драма, Скопје)

1992 - **Петар Горко** (Кристијан де Невиет во ***СИРАНО ДЕ БЕРЖЕРАК*** од Едмунд Ростан, Народен театар, Битола)

1993 - **Тони Михајловски** (Крали Марко во ***ЖЕНСКИ ПРИЛОГ ЗА НОЌТА*** од Блаже Миневски, Македонски народен театар, Скопје )

